СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петтото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 март 1993 година

Скопје, март 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД V-ТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 5б-тата СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МЛКЕДОНИЈА ОДРЖАНА НА 25.03.1993 ГОДИНА**


1. АРСОВСКИ БРАНКО - 7, 10
2. АЛИУ ХАЛИТ - 13, 47
3. АПОСТОЛСКИ НИКОЛА - 15
4. АЛИУ ЕШТРЕФ – 30
5. АРСОВ ДРАГИ - 45
6. АНДОВ СТОЈАН - 59, 86
7. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 64
8. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 83, 113
9. БОШКОВ ЈОРДАН - 115
10. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 89
11. ГОШЕВ ПЕТАР - 96
12. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 16, 18
13. ЗАДИРОВСКИ ГОРАН - 87, 105
14. ИВАНОВСКИ СИМЕОН - 35
15. ИВАНОВ ЉУБОСАВ - 12, 40, 52
16. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 75
17. КИРОВ ТАШКО - 4
18. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 19, 49, 53
19. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 20
20. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 11, 82
21. МИНОВ ПАНЧО -18
22. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 26
23. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 88
24. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 108, 109
25. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 90
26. ПАУНОВ ТЕОДОСИЕ - 73
27. ПЕТРОВ ТОДОР - 32, 33, 70, 71, 73, 77, 35, 99, 102, 107, 110
28. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 27
29. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 28, 94
30. СТОЈАНОВА СЛАВЈАВКА - 21, 96
31. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 54, 75, 87
32. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 115
33. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 30, 92
34. ТОДОРОВА СОФИЈА - (Влада) - 2, 25, 27, 31
35. ТЕМЕЛКОВСКИ ПЕТАР - 111
36. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 71, 72, 76, 79, 81, 92, 99, 101, 111, 120
37. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 120
38. ШАКИРИ ХИСНИ - 26


- седницата продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петтото продолжение на 56-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 23.03.1993 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на РМ, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски, Ристо Стаменов, Иван Иванов и Душко Горчевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Предлагам денес да работиме еднократно, најмногу до 16,00 часот без паузи поради верскиот празник Бајрам и на пратениците од исламската вероисповест да им овозможиме порано да се придружат на семејствата. Мислам дека се согласувате така. Утре е празник, меѓутоа со прославата во семејствата ќе почнат порано.

Преминуваме на **53-та точка** - Предлог за донесување на закон за утврдување на стопански недоволно развиените краишта, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за стопанство и Законодавно - правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

I/2.-ЛП/лј

За збор се јави госпоѓа Софија Тодорова, министер за развој.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, за да не се истоштуваме и овој пат во откривањето на вистината, што е забележана и во образложението на предложениот закон, а и јас тоа го кажав на говорницата во врска со расправата по претходната точка од дневниот ред од оваа седница, се јавив за збор на самиот почеток од расправата. Да не ја откриваме вистината дека станува збор за иста политика, дека станува збор за исти подрачја кои добиваат третман на недоволно развиени општини кон кои се спроведува оваа политика на регионален развој. Реков, ќе повторам она што го кажав, станува збор за продолжување на важеше на закони, чија важност престана на крајот од 1992 година и практично да не се создаде интерегнум, ние моравме да понудиме интегрален текст на законот. Доколку сега во расправата се прифати една методологија или технологија, која се наситува од понудени амандмани, сега да кандиди- раме општини или населени места кои би добиле ваков третман, навистина би западнале во еден своевиден волунтаризам, онаков каков што беше присутен во минатото и волунтаризам кој со право го критикувавме. Не ќе може без никакви аналитички согледувања, без согледување на параметри и показатели да вршиме измена во поглед на опфатноста на подрачја кои ќе бидат третирани како недоволно развиени општини. Тоа не значи дека Владата и Министерството за развој нема вакви аналитички согледувања. Тоа го има направено во функција на изготвуваше на законската регулатива, која се надевам брзо ќе дојде на собраниска расправа и навистина има определени поместувања, гледано низ одделни параметри, како што е

општествениот производ од вкупното стопанство по жител, основните средства по жител, степенот на вработеност, миграционите движења, има определени поместување кај овие општини и некои очигледно сега не би можеле да го имаат таквиот третман но реков, тоа ќе биде со една комплексна елаборација понудено во новите законски решенија.

И нешто друго сакам да споменам на самиот почеток. Ова е законска рамка за водење на оваа политика. Не значи дека Парламентот преку расправа за програмата на фондот за кредитирање на побрзиот развој на недоволно развиените подрачја во Републиката не може да реализира сопствена политика и од набележаните општини, кои се овие поголем број од она што сега се сугерира, вкупно 14, а згора на тоа имаме и компактно заостанати подрачја кон кои се води оваа политика и населени места во ридско - планински региони и погранични региони, значи, во тие рамки така утврдени со законската регулатива да остварува сопствена политика и да го насочува обемот на средства- та за кои е одлучено на минатата седница, да го насочува во оние региони за кои се оценува дека е од приоритетно значење, а би било во функција на завршување на започнати инвестициони проекти. И онака станува збор за исклучително мал обем на средства од отприлика 15 милијарди денари или само да споменам минатата година овие средства учествуваа во вкупните инвестиции кои беа по обем и како вкупна големина многу скромни, помали од амортизацијата, а амортизацијата само со 0,6%. Значи, на Собранието ќе биде оставена можноста да направи подбор и на општини и на населени места преку усвојувањето на Програмата на Фондот за развој и да ја реализира политиката во овие законски рамки.

Од тие причини, во мое име и во име на Владата Ве молам да го усвоите предложениот текст на законот.

I/4.-

**ТАШКО КИРОВ:**

Господин претседателе, дами и господа, со целосен респект на ова што го изнесе госпоѓата министер, дека овој закон практично е составен од еден член во кој се третира времено траеше на истиот, фактички имаме продолжување, како што беше изнесено, датата која истекуваше за минатата година, сега се одредува само невременски до нов термин, туку сега е дефинирано до донесување на прописи за нов регионален развој, а тие прописи кога ќе се донесат навистина сите можеме да погодуваме, бидејќи времето е одредено некаде во неодредено време. Токму од тие причини, бидејќи законот досега бил донесен и практично ништо нема измена, за да одлучиме дали истиот да има и понатаму важност или не, мислам дека накратко треба да си поставиме прашање кога е донесен тој закон, во кои услови и кои резултати ги дал, па тогаш ќе ни биде полесно, знаејќи ги денешните услови, да процениме дали ќе ги има и понатаму истите резултати. Од прилика, овој закон е донесен некаде во поранешниот период кога Република Македонија се наоѓаше во заедница со другите југословенски републики, од кои едни беа стопански развиени, а другите бе стопански неразвиени републики и тогашна Покраина Косово. Аналогно на оваа поделба, се донесоа закони секако и за спроведување на тие средства во Република Македонија, тие беа распоредени по тогашните центри на моќ во општините, но со цел да се има што порамномерен регионален развој. Но дека целта не беше постигната покажа и праксата, бидејќи јазот меѓу развиените и неразвиените се повеќе се зголемуваше а како прво нешто што направија Словенија и другите поразвиени републики и го најавија отцепувањето од тогашната федерација беше одлуката да прекинат со издвојување на средства за таа намена. Со тоа причината за постоење на овие закони во голема мерка беа надминати и овие закони остана да имаат исклучиво свое сопствено егзистирање врз основа на средства кои

се издвојуваат од Републичкиот буџет и тоа досега тие издвојувања беа некаде 0,30% од општествениот производ, но сметам дека ќе се согласиме сите дека тоа е еден од најлошите начини на издвојување на средства било да доаѓаме од развиени или неразвиени подрачја, условно како што се дефинирани, мислам дека тие средства подеднакво при нивното издвојување ги погодуваат и едните и другите, бидејќи тие се преку одредени зафати пак од граѓаните, било од даноците или на друг начин а потоа на некој начин обезвреднети тие средства треба да се вратат назад. Мислам дека тоа е еден од најлошите начини на издвојување на средства кој беше на некој начин во согласност со тогашното социјалистичко државно планско стопанство. Ако сакаме нови услови и економско стопанство на пазарна економија, мислам дека изворите на финансирање треба да бидат изменети.

Околу утврдувањето на стопански недоволно развиени подрачја, како што кажа и госпоѓата министер, имаме повеќе амандмани, јас би рекол вистински сме преплавени од амандмани и тоа имаме од Битола каде што се наведува дека поради подрачјето на Мариово кое е една петина од Републиката, и сигурно имаат право, заедно со општината Прилеп е тој амандман. Тоа подрачје го има и општината Кавадарци, имаме за Гази Баба, имаме за Кумановско, регионот Липковски и Козјачки. Бидејќи јас доаѓам од Велес, јас би рекол истата состојба ја имаме и тука, реон на Клепа, реон на Азот, фактички целиот регион на општина Велес е стопански неразвиен, мислам надвор од тестното градско подрачје. Би се согласиле околу едно сите заеднички дека разликите колку што доаѓаат од општина до општина, разликите се повеќе внатре во самата општина, бидејќи секаде на штета на околните подрачја, селските подрачја тој јаз е многу голем практично во секоја општина. А и внатре во потесното- подрачје на општината односно

општините исто така условно да кажам, ако на пример општината Велес ја сметаме за стопански развиено подрачје, тоа ни од далеку граѓаните не го чувствуваат бидејќи ако на една страна имаме фабрички оџаци кои означуваат некаква условно стопанска развиеност, на другата страна е градот и половина од градот сигурно е во една крајна ситуација без комуналии, без патишта асфалтирани. Граѓаните веќе неколку пати по ред распишуваат самопридонес за снабдување со вода, невработеноста е голема, така што сакав да кажам дека тие разлики се големи внатре во општините. Затоа, оваа поделба меѓу општини на стопански развиени и неразвиени е многу условна и со новиот регионален развој не верувам дека тоа ќе го надминеме. Бидејќи политичката почва на која што овие закони изникаа е еродирана и е многу изменета, за тоа добар доказ е и мината година каде од три милијарди денари кои требаше да бидат издвоени за таа намена, во извештајот кој го добивме од Републичкиот фонд на крајот од годината во декември се вели дека само 1,1 милијарда денари се издвоени, што значи дека само малку повеќе од една третина. Тоа доволно кажува за 'односот кон овој фонд и кон овие прашања.

Токму заради тоа мислам дека ние во нашето денешно одлучување сепак треба на некој начин да дадеме една препорака за трансформација на тој Републички фонд. Како прво, во областа на финансирањето тоа да не биде повеќе преку Републичкиот буџет и во областа на распределбата на тие средства да биде не по општини туку по одредени области и гранки и тоа така да се создадат предуслови за развој на тие подрачја, со што би ги задржале луѓето во тие подрачја, а таму каде што ќе имаме луѓе ќе имаме и развој, каде ќе нема луѓе ќе нема ни развој.

I/7.-

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мојата дискусија е повеќе принципиелна и сакам да укажам на некои елементи кои го карактеризираат овој закон.

Уште на почетокот сакам да се произнесам дека не го поддржувам во целина донесувањето на овој закон, иако сум убеден дека нема да бидам поддржан од најголем број пратеници, заради тоа што истите потекнуваат од општини кои според предложениот член односно закон се третираат како неразвиени. Инаку, моите размислувања и определба за неприфаќање на предложениот закон произлегуваат од следите причини.

Прво, сметам дека решенијата што се нудат со овој закон, посебно со член 2, во кој се сместени и развиени односно неразвиени општини, се многу паушални.

Второ, на овој закон без разлика што е од времен карактер му недостасува аналитичко фундирано објаснување со изворни податоци сврзани за секоја општина поодделно, а посебно за оние кои се сместени по член 2 и се третираат како неразвиени.

Трето, што овој закон не го следат најосновните параметри кои ја одредуваат развиеноста и неразвиеноста на одредено подрачје, а пред се имајќи го предвид националниот доход, општествениот производ, вкупната социјална политика и многу други елементи.

Четврто, што во овој момент не се донесоа, а се во фаза на изготвување двата основни за мене пресудни и важни закони кои треба да претходат на овој закон, а пред се Законот за територијална поделба на Република Македонија и законот за локална самоуправа и некои други.

Петто, што во текот на овие две години комплетно се нарушени стопанските односи во одделни општини и тоа во голема мера се

нарушени претходно утврдени генератори, односно елементи кои ја одредуваат развиеноста и неразвиеноста на одредена општина.

Шесто, што со трансформацијата се нарушени, односно со промените на системот се нарушени главните елементи и генератори за утврдување на статусот на развиеност на одреден регион, и

седмо, што самиот наслов на законот прави забуна и создава можност да се јават дури секоја месна заедница за неразвиена, што е примерот со поднесениот амандман на господинот Хисни Шакири, за Липковскиот регион кој е составен дел на вкупната територија на општината Куманово. Инаку, за општината Куманово ќе се произнесам откако ќе дискутирам за мојот амандман, со кој барам општината Куманово да биде сместена во член 2 како неразвиена општина.

Врз основа на напред изнесеното, сметам дека постои голема веројатност со донесувањето на овој закон да се нарушат неколку основни принципи, а пред се принципот на правичност, принципот на еднаквост па дури и принципот на солидарност како основен принцип на овој закон. Во таа смисла би предложил едно извесно времено решение, до донесувањето на системските закони, Собранието да заклучи: Средствата од Фондот да се користат на наши што ќе се дозволи на секој регион во Републиката односно општината да поднесува барање за инвестирање во одредена дејност со назнака за регионот кој е неразвиен, а Фондот да одлучува по тоа барање, при што ќе ги има предвид сите елементи на развиеност на регионот за кој се донесува барањето. На ваков начин ќе се овозможи голем дел од навистина неразвиените краишта "и во развиени општини во Републиката" да го изменат статусот односно од неразвиен во развиен регион и да добијат подеднакво третман како и другите неразвиени општини.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас не излегов да образложам околу потребата за донесување на овој Закон, мислам дека доста успешно министерката тоа го кажа, сакам само да укажам да ја упростиме постапката. Околу целисходноста на оваа политика, мислам дека е доста разговарано, токму поаѓајќи од она што Арсовски го истакна тука. Со оваа политика всушност, се постигнува, се намалуваат разликите, се остварува политиката на еднаквост,солидарност итн. Јас мислам дека денеска не би требало да се впуштаме околу целисходноста на ова, мислам дека јасно беше речено, само се сака во овој период до крајот на годинава во овој преоден период да продолжи таквата политика утврдена на база на познати критериуми,на општествен производ по глава на жител и на крајот на краиштата степен на вработеност. Мислам познати критериуми, врз база на кој е дојдено и до конкретните неразвиени подрачја што се тука цитирани во самиот закон. Мислам ако се договориме така, не би требало сега да се враќаме назад и да губиме време зашто имаме и други точки, многу поважни, на кои ќе треба поаналитички да се произнесе по амандмани итн. Затоа велам ние да не предлагаме и да не се произнесуваме по амандмани кои се добронамерни, меѓутоа, сепак треба да сме свесни за да креираме нова политика за побрз развој на недоволно неразвиените подрачја, сигурно е дека ќе треба да го сочекаме новиот концепт, можеби ќе има потреба да се чека и новата територијална поделба на Републиката, па потоа мислам сите аргументирано да дискутираме и да предложиме евентуално измени. Меѓутоа, во секој случај на Клубот на неразвиените подрачја врз база лични желби, паушално без критериуми, мислам дека

е неприфатливо. Затоа јас би рекол да не губиме време, зашто не е време за маркетинг. Прашањето е конкретно д асе произнесеме да продолжи таа политика, а исто времено да се задолжи Владата што побрзо да излезе со Предлог кој што би важел да кажеме од 1.1. 1994 година, врз база на кои ние сигурно ќе се произнесеме и ќе придонесеме таа политика да се постави на здрави основи, здрави критериуми. Инаку, јас мислам дека не се доведува во прашање продолжувањето на таквата политика, поради тоа што се растури Југославија. Политика на побрз развој на недоволно развиени подрачја и региони, таа е присутна и во најразвијните земји и во Италија, и во Франција итн. бидејќи на крајот на краиштата стопанството е еден организам кој што ако еден дел не функционира добро, нема да функционира целиот организам. Оттука потребата таквата политика ние и потаму да ја поддржуваме, се со цел како Република, како Македонија да имаме колку - толку рамномерен развој. Јас мислам дека околу тоа прашање се доста јасни работите и мислам дека не би требало да губиме,време.

**БРАНКО РАСОВСКИ:**

Кога се работи за овие три принципи, јас не мислев целта на принципите, туку остварување на правото, јас мислам дека кога се остварува правото, со овој Закон сега што се нуди, најголемиот дел на општини и региони кои што не се развиени го губат тоа право во стартот да предложат одредено барање, за да го стекнат тоа право и во таа смисла јас мислам дека се нарушува принципот на правичност, еднаквост и на солидарност, а не принципите кои се врзани за целта на овој закон што треба да се постигне, заради тоа што треба да направиме еден однос од развиена во повеќе развиена итн. Во таа смисла го објаснував ова.

II/3.-

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас не го поддржувам донесувањето на овој Предлог-закон за утврдување на стопански недоволно развиените подрачја, од следниве причини: Прво, затоа што се работи за буџетски средства кои во висина од 15,6 милијарди денари кои уште во старт го оптоваруваат Буџетот. Не треба да го потсетам ова Собрание дека за сума од само 400 милиони денари наменети за вакцина во Република Македонија ова Собрание расправаше скоро цел ден. Мислам дека по друг основ треба да се формираат средства.

Второ, заради тоа што овде по автоматизам се препишани општините од стариот закон, овде е речено дека е волонтеристички принцип за додавање на нови општини. За мене е истиот принцип на волунтаризам, ако овие општини долги години по ред се повторуваат повторно истите и не знам како вие посебниот однос на повисок државен интерес, доколку од сите овие општини кои неколку години по ред, па ако сакате и десетици, се повторуваат и ниту една општина не е извлечена од тој недоволно развиен крај, туку повторно останува. според тоа, на овој фонд се гледа како само на полесно средство како да се дојде до средства кои се реализираат во текот на годината, а државата не го согледува повисокиот општествен интерес, навистина да издвои не толку голем број на општини, туку многу помал број на општини и региони во кој што средствата во овој обем се 15,6 милијарди денари кои навистина би биле реализирани, односно би завршиле некоја покрупна работа од областа на инфраструктурата, индустријализација на некое подрачје, односно овие средства би ја задоволиле потребата и намената на граѓаните од тие подрачја.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Многу трошиме енергија, многу време губиме за една проблематика која практично во практичниот живот нема некоја особено реализирање. Ние како да не сме свесни за една сурова реалност дека целокупното стопанство македонско се наоѓа во кошмар и во тешка положба. Сите овие податоци со кои тука ние располагаме се податоци од 1990, 1991 година, ние ако даде господ да излеземе од овој кошмар ќе видиме кој како ќе изгледа после една таква битка која страховито се води во нашето стопанство, во нашите општини итн.

Второ, овде се работи сега за безначајни средства. Некогаш имаше инвестициона активност и фондот за развој на неразвиените општини ја имаше својата смисла, кога имаше други извори на средства тоа беа средствата на фондот на Федерацијата, на Меѓународниот монетарен фонд, на Меѓународната банка, на разни банки во светот и кога имаше инвеститори кои можеа да учествуваат со сопствени средства. Сега практично не постојат други извори на средства, учеството на Фондот се движи од 15, па оние до најнеразвиени општини до 50 или до 65% , како што е М.Брод, а овие неразвиени општини, поправо поразвиени општини во неразвиените општини дури тоа учество спаѓа до 15%. 85% треба да се обезбедат средства од други извори. Практично ни овие општини за кои се предвидени овие средства немаат инвестициона активност. Овие средства се користат сега за решавање на инфраструктурни проблеми, за водоводи во села за електрификација на тие села, за изградба на некои пристапни патишта итн. практично нема никаква инвестициона активност. Друга работа е ако ние седнеме и ако излеземе од' оваа цела тешка ситуација па да погледаме кој каде и како се наоѓа, тогаш ќе констатираме и региони, и општини и територии во каква положба се

наоѓаат, меѓутоа, ние веројатно овој начин и овој стил на финансирање ќе го напуштиме , ќе го прифатиме начинот, стилот и методите како што ги имаат пазарните економии со одредени повластици и со одредени олеснувања се создава интерес за инвестирање на тие подрачја. Според тоа, да не губиме време и јас се согласувам, како што кажаа некои колеги, ние да го донесеме овој закон односно да го продолжиме овој Закон, бидејќи со него не се постигнува многу, а и средствата со него што се обезбедуваат се безначајни и нема ниту тие што се тие неразвиени да се развијат, ниту тие што сега се движат кон неразвиените би можело многу да им се помогне.

**ХАМИТ АЛИУ:**

Почитувани пратеници, ценето претседателство, ние ако мислиме дека ќе го оптовариме буџетот за 1993 година, треба да знаеме, ако! знаеме што работиме дека претходната седница ние го донесовме тој закон. Денеска за Предлог законот практично г-ѓата министерка е децидна за продолжување на континуитетот за активностите за 1992 година. Јас нема да се навраќам каков концепт имаше фондот во Бивша Југославија, колку се развивавме, како се развиваме,. што сме развиени, колку сме развиени, регионално, индивидуално и како Република и по општини, меѓутоа, денеска јас сум за тоа да се донесе овој закон со еден заклучок дека сакам од Министерството да ни се докаже до кој термин ќе го припреми новиот концепт за неразвиени подрачја, бидејќи 1992 година донесовме продолжување на Законот но не донесовме нов концепт за развој на пазарното стопанство), односно во основ на законот за пазарното стопанство. Затоа нека се донесе денеска со одреден термин кога е новиот концепт.

II/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има некој друг што бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за утврдуваше на стопански недоволно развиените краишта.

Кој е за, молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (7)

Дали некој се воздржува од гласање? (6)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Молам, кој е за нека крене рака? (67)

Дали е некој против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека е усвоен предлогот да се претресе на оваа седница и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам,кој бара збор? (никој)

бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Никола Апостоловски, Благој Тошев и Славјанка Стојанова поднесоа амандмани на член 2 со кои претставникот на предлагачот не се согласи. Пратениците Хисни Шакири и Исмет Рамадан поднесоа амандмани на член 2 по кои Владата не се произнесе.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандман на член 2 по кои Владата не се произнесе.

II/7.-

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратениците Никола Апостоловски и Благој Тошев.

Молам, кој бара збор?

**НИКОЛА АПОСТОЛВОСКИ:**

Почитувани пратеници, овој амандманот го поднесов со цел да свртам внимание за еден регион кој навистина е заборавен по овој закон за утврдување на стопански недоволно развиените краишта. На прв поглед погледано тука пишува Прилеп, Битола и вака иритира кога ќе се спомнат како општини. Меѓутоа, уа жал,токму во тие општини постои еден доста голем регион кој што е тотално неразвиен. Велам тотално неразвиен, не знам дали постои друг крај во Македонија кој не е толку развиен.

Гледајќи го извештајот од Комисијата за економска политика и развој имам две забелешки. Првата забелешка е тоа што кажува дека овој Закон е формално нов закон. Јас мислам дека формално не е нов закон, туку продолжување на овој закон и министерката добро кажа дека има одредено средства, имаме таму и наброено доста општини, што значи Закон, како закон постои и не е ни формален.

Вториот дел на Извештајот е тоа што кажува дека овие амандмани во смисла на самиот амандман и објаснувањето што нема презентирано некој конкретно показатели и квантификации. Јас мислам дека за овој крај не би имало што да се каже, мислам дека на сите им е познато имајќи предвид дека зафаќа 1/5 од Република Македонија тука зафаќа и општина Кавадарци, меѓутоа, еве, другарите од Кавадарци немаат поднесено, не знам зошто. Кога станува збор за Мариово, може да се каже дека последниве години воопшто ништо не е вложувано и дека тој крај мора да им се стави на знаење на сите дека мора да се развие, затоа што претставува некој потенцијал за самата Република почнувајќи

од рудни богатства, минерали, неметали и сл. Инаку што се однесува за самото население, можам да кажам дека Мариово некаде 70 до 90% е иселено, што значи живее многу мал број на население. Според тоа, и овие луѓе кои што ги имаме сигурно дека ќе го напуштат тој крај. Прво, да кажам дека нема никаква комуникација, не постојат некои сообраќајни телекомуникациони или било какви врски. Да напомниме дека тоа Мариово не е ни електрифицирано во целина. Луѓето кои што таму живеат се приказна сами за себе и сметам дека ако некој отиде таму и разговара со тие луѓе ќе има доста што да напишат и ќе се чуди на ова денешно време како луѓето живеат таму, во такви услови

Само да напомнам дека во едно блиско минато ние имаме искажувања преку радио и телевизија и по весниците и делевме ордени и заслуги за народ во мирно време. Јас мислам дека ако на некого треба ваков орден да му се даде, треба токму на тие луѓе на храброста што останале да живеат без никакви услови. Сметам дека нема потреба од поопширно образложување, бидејќи Мариово сите го знаат, не би сакал да кажувам повеќе, затоа што има многу што да се кажува и предлагам на пратениците сепак да имаат предвид и да го прифатат овој Амандман.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВСКИ;**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Јас се јавив за дискусија по амандманот што е поднесен од страна на Никола Апостоловски и Благој Тошев од општините Битола и Прилеп и двете општини да влезат во Законот во делот на член 2 каде се утврдуваат општините кои се опфатени како неразвиени. Мислам дека и во досегашната расправа беше укажано дека овој закон не е нов закон, туку продолжува стариот закон, кој што е донесен уште 1965 година. Ние денеска пред нас"немаме никакви податоци по кои што можеме да одлучуваме аргументирано во однос на самиот нов концепт за

регионалниот развој. Од тие причини иако во општината Кавадарци има и еден дел од Мариово, не беа поднесени од страна на пратениците од Кавадарци, а би укажал на една работа која што на одреден начин беше присутна во текот на целата реализација на овој закон од 1965 година. Некаде во 1970 година се овозможи преку тековната економска политика на Републиката да се опфатат одредени подрачја, посебно како политика и во рамките на така утврдената политика, одредени субјекти во општините, како во Кавадарци, така и во Прилеп и Битола можеа и имаа одредени свои иницијативи за зафаќање на одредени средства. Разликата беше само во тоа што тие субјекти во своите инвестициони програми имаа зафатено помало учество на Фондот за неразвиени подрачја. Само тука беше разликата. Инаку како субјекти можеа и денеска тие можат да се јават. Во првиот период беше изменета само во политиката само делот на ридско - планинските подрачја. Се утврди дека и пограничните подрачја треба да бидат опфатени, па се прошири во делот на политиката и интересот за зафаќање на одредени субјекти кои делуваат по пограничните општини.

**ПЕТАР ЃОРЃИЕВ:** (Продолжение)

Најновата макроекономска политика, доколку сте ја погледнале, проширува уште еден интерес, тоа се руралните подрачја, што значи доколку има одредени субјекти и во овие општини за кои е поднесен овој амандман сега можат врз основа на макроекономската политика своите иницијативи на одреден начин да ги лоцираат исто така во фондот за неразвиени подрачја и да добијат одредена поддршка.

Само да кажам дека ние во Кавадарци сме задоволни по однос на иницијативата која ја има една задруга што се проширува и сега има одредени резултати и тоа само во делот не преку Законот, туку преку политиката која, на одреден начин, е опфатена и може низ овој Закон односно низ политиката на одреден начин да се зафатат одредени средства што значи не е пречка Законот, туку треба само да се најде иницијатива и во рамките на таа иницијатива да се лоцираат одредени свои интереси.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Упатувањето што подносителот на амандманот го даде за задругарите од Кавадарци. зошто тие не го поддржуваат односно не се и тие подносители на овој амандман, мислам дека не е заборавено третирањето и на Кавадарци односно делот од Маријово кој е во атарот на Општина Кавадарци во смисла на финансирање од Републичкиот фонд за неразвиени подрачја. За одговор на подносителите на амандманот, а и за одговор н тоа зошто нема да гласам за овој амандман, овој амандман е фактички по неповолен за статусот што го има реонот Мариово заедно со уште два такви реони во нашата Република тоа се Дебарца и Козјачијата кои се

третираат наместо овде регулираните во овој закон недоволно развиени краишта како компактно заостанати реони. Тие имаат посебен третман во финансирањето преку Фондот за неразвиените подрачја дури многу постимулативен од овој што го имаат неразвиените краишта што е инаку предмет на регулатива на овој закон.

Предлагањето на овие две општини во смисла на руралскиот дел фактички ќе значи по неповолно за идното финансирање и стимулирање на развојот на Мариовскиот дел заедно со Козјачијата и Дебарца кои со посебна Одлука утврдена на Владата и во програмата на РФНП се посебно стимулирани во позабрзаниот развој како со инфраструктура така и со иницијативи на стопански активности. Значи, се работи за не информирање, а не дека е заборавено и Кавадарци да биде ставено во овој предлог амандман.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа. Излегов со една цел за да ги 'скратиме маките. Минатиот пат кога дискутиравме за овие два закони за измени на овие закони јас бев дециден и реков кога во услови на немање ништо, а ни се нуди само една измена на овие закони само за продолжување на неговата стара важност, сакам да кажам ако сакаме да бидеме рационални навистина треба сите овие амандмани што сега екцесно се доставени овде треба да се повлечат за да можеме наредниот период кога министерството или оваа држава ќе најде за згодно да ни достави целосна програма со целосни податоци и показатели и со целосна стратегија за развој на оваа држава и во поглед на популационата политика во Македонија дури тогаш ќе можеме валидно да расправаме, а во овој случај само со амандмани мислам дека е многу несериозни и ексцесно не се решаваат проблемите.

Еве конкретен пример. Да земеме повеќе други општини и градови. сега амандмански да се надгласуваме и да ги изгласаме во овој закон, а немаме извор на средства тоа да го правиме за развој на овие општини мислам дека е апсурд и затоа со чиста намера да ја прекинеме работата предлагам да се повлечат сите овие амандмани и да не се надгласуваме и да создаваме мачна состојба.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Овој заеднички амандман не го поддржувам, бидејќи како што кажаа нема аналитика и слично. При предлагањето на вакви амандмани прво, треба да се видат резервите на постојните општини конкретно Битола и Прилеп колку придонеле овие неразвиени краишта во склопот на тие општини и понатаму заостануваат. Значи, најмногу се виновни самите општини , а потоа Републиката односно Скопје со тоа што во иднина треба да се земе предвид ако овие општини не можат да го одржат потребниот развој на овие подрачја да предложат овие неразвиени подрачја, да си прераснат во самостојни општини кои сами за себе ќе си се финансираат, ќе си го планираат развојот и ќе ги распределуваат можностите. Кога бараме финансии бараме голема територија на општина'. Кога треба да вложуваме проблем ни се неразвиени- те делови во истите општини. Треба спрема можностите. До колку не можат да ги одржуваат овие комуникации да дозволат и да си прераснат во самостојни општини, да си бидат одговорни сами за себе, а не да бараме голема општина, а да не вложуваме ништо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (19)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратениците Никола Апостоловски и Благој Тошев.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Славјанка Стојанова.

Молам, кој бара збор?

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Иако имаше повик за повлекување на амандманите сепак како предлагач на овој амандман јас сакам да го образложам амандманот, а пратениците нека одлучат за неговата судбина.

Инаку, амандманот фактички гласи и Општина Свети Николе да влезе во редот на неразвиените општини. Зошто го предлагам овој амандман? Потполно сум свесна дека овие општини кои се предложени се врз база на одредени критериуми кои ги имаше донесено претходното Собрание уште во 1986 година, кои на неколку наврати беа цитирани но јас сакам дословно да ги спомнам за да биде сосема јасна работата

Како еден од тие критериуми е - општествениот производ на вкупното стопанство по жител во годишен просек.

Друг критериум е основни средства во функција по жител.

Трет критериум е број на вработените во општествениот сектор на 100 жители. Значи, само во општествениот сектор.

Четврт критериум е средства за репродукција, амортизација и деловни фондови по жител.

III/5.-

Сигурно сите ќе се согласите дека сите овие критериуми врз кои се набројани општините кои треба денеска да ги донесеме со законот на некој начин се надвор од времето во кое ние денеска живееме. Сигурно сите ќе се согласите дека малку е несериозно кога на ваков начин со амандман се сака одредена општина да се уврсти во неразвиените општини. Но, сепак јас сметам дека треба да има големо образложение и за оние општини што сега ние треба во законот да ги донесеме како неразвиени општини. Зошто, ќе речете?

Сметам дека сите овие критериуми се веќе надминати. тоа е едната работа.

Другата работа сметам дека во образложението на законот за сите овие општини по критериумите требаше да имаме, според тој критериум, таа општина се наоѓа на тоа ниво.

Спрема вториот критериум таа општина се наоѓа на тоа ниво дали е над просекот на Републиката или е под просекот на Републиката. Тоа, заедно со предлогот на законот не го добивме, така што како држи образложението зошто овие општини кои се во Предлогот на законот се набројани, исто така држи и нашата забелешка со сите пред- ложени; амандмани зошто овие општини треба да влезат во овој закон.

Инаку, ако се сеќавате, во 1991 година, ние го донесував- ме Освртот врз резултатите и проблемите во остварувањето на политиката за по брз развој на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година. Тоа беше планирано во март месец 1991 година, ова Собрание го донесе тој осврт, имаше , исто така, доста расправи по овој Осврт. Исто така во овој Осврт беше констатирано дека како резултат на општите напори кои се прават во републиката создадени се можности за натамошен постабилен развој и излегување

на дел од општините од кругот на стопански недоволно развиените општини. Дури таму во Освртот имаше одредени општини за кои се тврдеше дека треба да го напуштат кругот на недоволно развиените општини. Еве вака, бидејќи имам конкретно прашање кои се, ниво на општествен производ по жител 1989 во однос на 1990 година над просечен пораст се однесува на Кратово, Радовиш, Ресен. Јас не сакам ништо да тврдам надвор од она што го имаше запишано во Освртот.

Исто така по овој Осврт ова Собрание донесе повеќе заклучоци меѓу кои еден гласаше дека треба да се преиспитаат критериумите врз база на кои се утврдува недоволно развиените подрачја односно општини. Ние тоа за овие две години не го направивме инаку, јас не сакам да тврдам дали треба Струга или Гостивар да влезат во редот на развиените или да не бидат во редот на развиените, но сепак сакам да истакнам дека треба да имаме навистина издржани критериуми врз кои ќе се базира дали навистина одредени општини кои ова Собрание ќе ги утврди со закон, навистина треба да бидат во клубот на недоволно развиените и пред се недоволно развиените подрачја.

Инаку, потполно сум свесна дека овие средства во износ од 15,6 милијарди денари се мали и сигурно од нив нема кои знае колку да се развијат набројаните општини во законот, но сепак инсистирам на една правичност во утврдувањето на овие критериуми и инсистирам, бидејќи врз база на тоа утврдувањето на законот понатаму ќе се доделуваат средства во висина од 15,6 милијарди денари, но има и други погодности кои општините ги користат, а се утврдени во разни закони.

Инаку, сакам на крај да кажам дека амандманот не ми е од чисто локалистички причини, но секогаш сакам да го анимирам овој проблем, сакам да истакнам дека треба што побрзо да се донесе новиот концепт за регионалниот развој на Републиката кој еве веќе и ако сме две години овде го немавме досега добиено како пратеници за да го разгледаме, бидејќи, колку сум запозната, во Комисијата за развој овој документ бил гледан инаку, на Собранието не е ставен на дневен ред и на крајот сакам да кажам дека ова прашање е горливо. Во моја- та општина долго време се расправа дали навистина треба или не треба општината Свети Николе да влезе во кругот на неразвиените. Мислам дек^ сигурно тоа прашање кога имало доволно средства во делот на ФНП, од делот на РФНП и од други средства би било многу поактуелно за поставување , но сепак главната цел ни е да го анимираме на некој начин овој проблем и да се заложам за што побрзо донесување на новиот концепт за регионален развој, па врз основа на реално утврдените критериуми, врз основа на тоа навистина да влезат оние општини кои ќе ги исполнат тие критериуми, а не вака по некоја аналогија за тоа дали до сега одредени општини биле во кругот на неразвиените, да продолжат и во 1993 година, и ако сум свесна дека поминаа веќе три месеци, ни остануваат околу девет месеци за спроведување на оваа година, но еве тоа беше моето излагање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

III/8.-

Кој е за молам да крене рака? (21)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Славјанка Стојанова.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Хисни Шакири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Владата не го прифаќа овој амандман, меѓутоа, укажувања- та што беа по овие амандмани само да споменам дека во овој закон ги третираме недоволно развиените општини. Покрај тоа утврдени се и компактно заостанатите региони кои имаат по повластени услови за финансирање на некои инвестициони зафати и вложувања во стопанска и нестопанска инфраструктура и ридско планински подрачја што овде не ги гледаме, па заради тоа се даваат некои амандмани. Ова не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

За збор се јави господинот Хисни Шакири.

IV/1 јм/см

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господа пратеници, јас излегов да го образложам овој амандман бидејќи сметам дека е потребно во член 2 на овој закон да се инкорпорира и липковскиот терен во општина Куманово како нај-неразвиено подрачје на Република Македонија каде што уште не се решени проблемите кои се неопходни за животот. Само за пример ја користам приликата да ви изнесам неколку проблеми со кои се соочи ова население. Уште има неелектрифицирани села, патната мрежа е во^незавидна положба, па дури во зимски услови во некои села не функционира, многу села се без вода за пиење, здравствената заштита исто така не е решена во сите села. Бидејќи Законот ги детерминира неразвиените краишта, но ме зачудува фактот како Владата не го имала во предвид овој крај, а толку повеќе не изненадува со својот негативен став по амандманот. Меѓутоа, на крајот барам од пратениците да покажат отепен на разбирање и да го поддржат амандманот на член 2 од овој закон.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (21 пратеник).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Хисни Шакири.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

IV/2

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Владата не го прифаќа овој амандман. Скопје се третира како градска заедница и не се третираат посебно општините во рамките на Скопје.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Дами и господа кога одлучив да го поднесам овој амандман си имав и мои дилеми, дури и консултирав некои колеги стопанственици и економисти, меѓутоа сакав да укажам на некои работи затоа што не би сакал да бидам сфатен погрешно дека јас не знам што е развиена општина. Доволно ми е јасно дека општина Гази Баба може да биде во рангот на развиените општини, а како не кога има Рафинерија, има гигант Рудници и Железарница, има Металски завод итн. Меѓутоа, искористив една прилика тука прво, затоа што во Предлог-законот немаше во образложението на Предлог-законот нема никакви образложенија за тоа кои се критериумите, условите и другите параметри за утврдување на статусот на одделна општина како развиена, или неразвиена општина. Во овој случај ние сите би заклучиле дека општина Гази Баба е развиена општина заради фактите што ги спомнав. Дури си мислев во себе некои ќе ме сфати дека сум локалиста, па дури може да се сфати ова дека го правам и за личен рејтинг. Да ви кажам право јас ќе признаам во однос на другите пратеници, па нека биде вистината и тоа. Но, на што би сакал да укажам. Како може една општина Гази Баба да не биде номинирана во неразвиените општини кога во таа иста општина каде што се сите овие индустриски потенцијали односно гиганти една третина и повеќе од тоа население живее во

никаква инфраструктура каде што да речеме една приградска населба Арачиново со 8.000 или 9.000 жители санитарната инспекција констатирала 15 пати дека таа вода е бактериолошки загадена, или другите села, односно приградски населби на општина Гази Баба сите се тие некои параметри, некои работи кои мене еве,некако ме убедуваат дека треба да се поднесе еден ваков амандман.

Второ, што би сакал да кажам. Има една друга појава во истата општина, а сигурно и за другите општини на градот Скопје. Се почесто се организираат самопридонеси на тие селани, односно граѓани од тие села, сета таа инфраструктура или асфалтирање на патишта низ село итн. или вода сето тоа се прави со самопридонес. Значи со никакво учество на дотичната општина, или на државата. Нормално дека истите граѓани имаат и обврски за плаќање кон државата, сите тие работи што ги плаќа еден граѓанин од центарот на градот итн. Јас морам да ви кажам дека и понатаму сум на мислење дека ќе бидам многу пријатно изненаден ако се прифати овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, јас исто така бев во дилема по повод поднесениот амандман од колегата, дали да му дадам поддршка без разлика што може исто така некој да ме обвини локалистички затоа што потекнувам од таа општина, односно од општината Гази Баба. Меѓутоа, ќе се запрашам за критериумите под кои во Предлог на законот во членот 2 се ставени поедини општини, а општината Гази Баба не е ставена во однос како што овде ни беше објаснето од господинот Љубосав Иванов дека тие средства во износ од 15,6 милијарди денари ќе се користат на некој начин  за инфраструктура, односно за патишта,

водоводи итн. Затоа јас се за- прашувам една општина која навистина во однос на стопанските објекти е меѓу најразвиените Република Македонија, меѓутоа за жал тие луѓе што работеа, или работат сеуште во тие стопански објекти ги немаат и основните потреби во своите населени места. Затоа во однос на трошењето на овие средства што се предвидени со Буџетот мислам дека овој амандман треба да се прифати, затоа што ја третира проблематиката на инфраструктурата. Ако некој поминал во таа општина сигурно ќе знае дека над 20 населени места, односно села се без никаков водовод, пијат загадена вода како што рече и господинот подносител на амандманот итн. За жал Скопје се третира како градска целина, не се третираат општините, меѓутоа тоа е исто така еден несоодветен критериум затоа што стопанските објекти од оваа општина вложуваа во центарот на Скопје и во други објекти и спортски објекти итн. кои за жал исто така, овие граѓани од оваа општина не можат да ги користат. Што се однесува во доменот на инфраструктурата во околината на градот Скопје морам да признаам дека несоодветна инфраструктура има и општината Кисела Вода. И таму има проблеми со водовод, едни села кои гравитираат во позадината на Водно исто така немаат водовод. За жал Скопје досега богато со еден издашен извор не најде сили ниту средства на најблиските свои населени места да им обезбеди барем основните потреби односно водовод.

Тука се напомена дека исто така во општината Гази Баба не е решен еден од инфраструктурите проблеми, тоа е канализацијата. Јас бев запрепастен кога во едно населено место Колонија слушнав дека канализацијата заради несоодветно решение исто така им причинува еден неподнослив живот на тоа население. Па затоа апелирам кон пратениците да го поддржат амандманот што е поднесен и општината Гази Баба да влезе во членот 2 како неразвиено подрачје од аспект на тоа дека овие средства ќе се користат за инфраструктурни потреби.

IV/5

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници, излегов да го кажам следното. Во принцип основата на поднесување на сите амандмани е иста. И целта е иста. Нашата логика на размислување тогаш треба да се определи јасно и гласно. Треба да ги прифати сите, или треба да ги одбие сите. И поднесениот амандман со ништо не се разликува со амандманот кој беше поднесен за Мариово. Затоа, ценам дека дефектот е подлабок. Овие проблеми амандмандски воопшто не можат да се подобруваат. Но, исто така, доста сериозно ме загрижува и односот на Владата во конкретниот ангажман за објаснување и крајно дообјаснување на проблемот. Прифаќањето на конкретниот закон што ни е на дневен ред треба да се услови ориентационо со одреден оптимален разумен рок Владата да излезе со конкретна анализа и концепција на развојот на Република Македонија и отсега натаму, или досега две години наназад апсолутно нема никаква та логика Влада да донесе одлуки и размислувања базирајќи се врз терминот општина. Општината не постои. Општината таа како што си беше и на кој начин се потпираше и политиката на развојот веќе две години наназад воопшто не функционира. И ние за тоа треба да сме крајно свесни. Тогаш што следи? Мора, сакале или не треба една целосна анализа, една целосна концепција, еден модерен приод на развојот на Република Македонија. Инаку малку можеби и од внимание човек и докрај не оди во категоризација на конкретните работи. Ние за никаде сме целосно како Република, воопшто неразвиена, а зборуваме за неразвиени региони, развиени општини. Треба да размислиме pологично, порационално и поконкретно. Па ни доликува малку да бидеме попрагматични. Не оди веќе таа филозофија,"вие наследници на убава царица, или убаво

царство". Ако сме крајно во една сериозна веќе сиромаштија, тогаш треба да се активираат сите механизми. Механизмите на Владата не смеат и во овој повод да бидат, можат да се базираат врз економската подлога, но тоа е државата, регионите, живата материја народот е далеку повеќе од економија. Па затоа јас и завршувам, апелирам да не должиме. Овој закон да го прифатиме. Примената се знае дека е ограничена и во определен разумен рок да знаеме што бараме од Владата да ни се овозможи после детални анализи во кои Парламентот би можел да го даде својот допринос.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Иако се расправа за конкретен амандман за кој јас се произнесов како претставник на Владата. Излегов заради повикувањето на Владата во претходната дискусија да има посоодветен ангажман околу третирањето на овој проблем и околу сугестијата Владата да излезе со една комплексна анализа. Јас само да потсетам, минатата година беше подготвена комплексна анализа за регионалниот развој на Македонија и дилемите околу концептуализација на оваа политика во наредниот период. И оваа анализа сигурно не требаше да биде доставена до Парламентот ако ја имаме во предвид логичната поделба на работите помеѓу еден законодавен и извршен орган во рамките на власта. Меѓутоа, ние сепак ја доставивме таа анализа на пратениците во Парламентот за да може на база на согледувањата и расправите кои би произлегле од таа анализа да се направи наредниот исчекор, а тоа значи во обликувањето на законската регулатива. И како таа анализа доставена во мај беше разгледана на комисиите дури во декември минатата година, дури и по наша сугестија рековме расправата да заврши во комисиите за да може да се пристапи кон изготвувањето на Законот. Постојат и други дилеми околу територијалната поделба на

Републиката, законска регулатива која допрва ја очекуваме. Меѓутоа, сметавме дека е неупатно да чекаме да се донесе тој закон, а потоа да одиме со нова законска регулатива, така што во Законот што сега го подготвуваме предвидуваме некои преодни решенија и во таа смисла. Јавувањето ми беше со цел да кажам дека Владата навистина имаше сериозен третман кон ова прашање и дека подготви опсежна анализа каде што се посочува и на искуството што во поглед на регионалниот развој го имаат некои земји од Западна Европа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам во врска и со овој амандман да укажам дека ќе гласам воздржано, не заради тоа што не ја прифаќам концепцијата, односно концептот за регионалниот развој што е уставна категорија, меѓутоа ме погоди излагањето на министерот во врска со целиот закон, па сакам да го дадам следното образложение. Сметам дека овој закон нема апсолутно никаква функција ниту примена во практиката заради тоа што и во претходниот закон за учество на Републиката во обезбедување средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта ние укажавме, а и ни беше укажано дека од средствата на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта со средствата што се обезбедуваат од Републичкиот буџет ќе се финансираат само веќе започнатите инвестициони проекти. Тоа значи категоризирањето на недоволно развиените краишта нема никаква функција и практична примена за функционирањето на Фондот и дофинансирање со веќе обезбедените средства од Буџетот врз основа

на претходниот закон на оние инвестициони проекти кои веќе се започнати, затоа што други не се ни планираат да бидат започнати. Затоа сметам дека и сите овие амандмани што се предложени без претходна разработена концепција, анализа, стандарди и критериуми врз основа на што правилно ќе се определат пратениците нема никаква функција. Затоа и лично сметам дека во целина целиот закон и да не го изгласаме со задолжување Владата затоа што и сама си зела за обврска да понуди нов концепт на регионален развиток на стопански недоволно развиените краишта пратениците да не го изгласаат ниту овој амандман, ниту останатите, ниту целиот закон во целина, бидејќи нема никаква практична примена до донесувањето на новиот концепт за регионалниот развиток на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (25 пратеници гласаа за).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

V/1.- СС-ВБ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Владата не го прифаќа овој амандман поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Инаку Козјачкиот регион има третман на компактно заостанато подрачје, а од општина Куманово и 16 населени места имаат третман на ридско - планински региони и имаат можности.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (17)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (43)

Дали е некој против? (5)

Дали некој се воздржува од гласањето (12)

Констатирам дека Собранието го донесе  Законот за утврдување на стопански недоволно развиените краишта.

V/2.-

Минуваме на **точката 54** - Предлог на закон за царини.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за стопанство, како и Комисијата за економска политика и развој и ЗПК Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Збор побара господин Симеон Ивановски.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сакам со краток осврт да го кажам моето мислење по овој Предлог на закон.

Тој е како книга доста обемен а и неговото значење е доста битно. Тој е еден од основните извори за полнење на буџетот, од една страна, а од друга страна треба да го штити домашното производство, доколку го имаме, и од трета страна практично го поскапува домашното производство, ако го оптоваруваме со царина. Така што е јасно дека има спротивставени интереси и спротивставени мислења и не случајно по овој закон има голем број амандмани, бидејќи интересите и на одредени групации и на одредени видувања, па и на стопанството се различни од она што евентуално е предложено во Законот.

Јас инаку би рекол дека е тој доста обемен како материјал, иако, по мое мислење во одредени области е детализиран до крај, додека во одредени други области е доста воопштен. Така што сметам дека доколку со овој закон за царините, бидејќи тарифниот закон и одредени, не би биле тоа закони туку одредени упатства или уредби со кои би се толкувале одредени одредби или членови на овој закон, сметам дека многу поедноставно и многу попрецизно ќе знаеме што практично овој закон решава. Вака, во одредени одредби е оставено доста рамковно,

има одредена рамка, но не се знае како во понатамошните закони тоа ќе се разрешени. Затоа ќе повторам дека има безброј амандмани бидејќи одредени формулации во Законот можат да се толкуваат и вака и онака.

Инаку, законот е повеќе препишан од постојниот, сојузен закон како формулации и според мене, формулациите не се спорни. Но, по мое мислење законот не е прилагоден на условите во кои ние сега треба да го применуваме.

Би сакал нешто поконкретно да кажам во областа на овој закон каде- јас работам, во областа на обоената металургија, рударството, па може да се каже и целата металургија. Сите тие одредби се преземени, а пак кажувам дека овие формулации не се спорни, но толкувањето, имајќи предвид дека тие одредби во бивша Југославија како се толкуваа одредени републики имаа дел од производството што се користеше во тие области и нормално, го толкуваа законот со одредени подуредби итн., дека треба или не треба да има одредени царини и колкави тие треба да бидат. Имајќи предвид дека состојбата сега се промени тотално во однос на тоа што бевме ние, мислам дека овие формулации требаше да бидат малку поконкретни, прилагодени на нашите услови.

Еве неколку конкретни примери.

Експлозивните средства што се применуваат и во градежништвото, рударството, подземната експлоатација, површинската експлоатација, засега се оцаринуваат со досегашните прописи со 38%, иако во нашава земја, Македонија не се произведува воопшто експлозивно средство. Зошто е тоа така? Тоа е така бидејќи досега експлозивни средства се произведуваа или во Словенија или во Србија и по нивното гледање на работите требаше домашното производство да биде заштитено и се штитеше за да се купуваат домашните производи.

V/4.-

Сега, практично ние немаме македонско производство на експлозивни средства а и понатаму овде не е нигде санкционирано дека треба да биде ослободено или барем да биде намалена царината во еден дел каде што го заштитува производството, а во друг дел што би бил фискала каде би требало, да речеме, еве, да го сервисира буџетот итн.

Има такви икс примери понатаму. Ова го давам само како еден пример, каде тоа се применува, бидејќи практично не се произведува во нашата држава а се оптоварува со големи царински давачки. Од една страна тоа навистина го помага буџетот, а од друга страна и онака нашето сиромашно производство тотално го става вон конкуренција.

Сфатете, да земам само еден пример, обоените метали кои скоро исклучиво одат во извоз, и се во конкуренција со светските берзи, со другите производи во светот, а практично ги произведуваме со комплетно увезена опрема, комплетно увезени репроматеријали, комплетно увезени резервни делови итн. Практично имаме 40% поскап производ под услов да имаме иста продуктивност, иста организациона способност итн., имаме поскап производ спрема светските. Ако на тоа се додаде и другиот дел, нашата неефикасност, превработеност итн., практично имаме неконкурентен производ. Доколку продолжиме така и со едната и со другата страна, мислам дека ќе ги доведеме овие организации во ситуација да бидат затворени.

Од овие причини јас се јавив за дискусија да кажам дека дел од амандманите што се поднесени би требало да се прифатат, бидејќи практично се во интерес на стопанството. Дали општественото или приватното стопанство, не е битно. Навистина, овој закон иако е обемен, не го решава тој дел каде стопанството е најкритично.

V/5.-

Повеќе се

да ја протолкувам формулацијата на член 2 која е дадена, а занимава со одредени други рамковни работи.

Инаку, принципиелно немам ништо против законот да се донесе. Тој треба да се донесе. Сметам дека што побрзо треба да се донесе тарифниот закон, бидејќи тој ќе ги прецизира работите, а во меѓувреме, до донесување на тарифниот закон сметам дека Владата треба да интервенира со одредени одлуки или уредби или толкувања како би можеле одредени работи што сега на некој начин се по инерција од бившото законодавство и толкување на сојузните закони практично неоправдано дел на одредени производи се оптоварени со големи царински давачки.

Тоа беше моето размислување по овој закон.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

На почетокот да кажам дека го поддржувам донесувањето на царинскиот закон и сметам дека е еден од повеќето закони кои што ќе овозможат до некаде да се заокружи економскиот систем , економ- ската сувереност на Република Македонија. меѓутоа, во расправата по предлогот за донесување на закон ќе укажам на неколку моменти што сметам дека Владата ќе треба да ги има предвид во наредниот период, како во пголед на тие закони што ќе треба да се најдат на дневен ред на ова Собрание, тесно поврзани со законот за царини на Македонија.

На почетокот би сакал тоа е дека царинското подрачје на Македонија е територијата на Македонија, ограничена со царинска линија која е идентична со државната граница.

Јас, и од оваа говорница поставив дополнително прашање на едно претходно пратеничко прашање до Владата - што направила до сега кои мерки презела за дефинирање на државната граница со Република Србија. Меѓутоа до денеска од Владата, немам никаков одговор, а доста

е значајно дефинирањето на државната граница со соседна Србија, пред се заради дефинирањето и на царинското подрачје и на царинската линија која се поклопува со државната граница.

Ние, до дене денес, сеуште како пратеници не сме запозна- ени што е направено на овој план и затоа сметам дека донесувањето и приемната на овој царински закон и Законот за тарифите е тесно поврзано со прашањето на дефинирањето на државната граница, односно царинската линија со соседна Србија, за да не се овозможува, како и до сега, пробивање на истата и неконтролиран увоз на стока која што се продава незаконски на територијата на Македонија.

Понатаму, дефинирање на прашањето, пред се, повторно со соседна Србија, после воведувањето на ембаргото од меѓународната заедница и Советот за безбедност во поглед на прашањето за непризнавањето на патните исправи на граѓаните на Македонија од страна на соседна Србија, знаејќи дека токму целокупниот можеби извоз на Србија се одвиваше преку територијата на Македонија и сеуште се одвива, пред се заради тоа што останатите соседни држави го спроведуваат ембаргото кон овој северен сосед.

И понатаму, прашањето на одвивање на платниот и надворешно-трговски промет со Србија што барем засега, сеуште е дефиниран како безцарински увоз на стока од Србија, како да се наоѓаме во исто царинско подрачје или во иста царинска унија, што ова Собрание или Владата во соодветни спогодби со соседна Србија не го регулирала за да биде предмет на ратификација во овој Парламент.

Во поголем број ан одредби на Законот, на дел од нив имам поднесено амандмани што Владата ги прифатила, за некои моето размислување и образложение ќе го изнесам при нивното разгледвуање, сметам дека Владата не се потрудила да понуди пофлексибилен карактер на одредбите од понудениот текст на Законот и, како што кажа претходниот колега пратеник, законот е препишан од старата законска

регулатива од  законот за царините. Доста е нефлексибилен и има чисто фискален карактер. А, во отсуство на законот за царинска тарифа повторно не ја доведува Републиката во поповолна положба за увоз на оние производи кои што во овие нови услови на стопанисување со територија и царинско подрачје како што е целата територија на Македонија, се изменети условите на поранешните заеднички пазар.

Сметам дека законот за царини би требало да се обработува во корелација со стратегијата за стопански развој на Републиката, што ќе се развива, кои дејности и гранки, а што ќе се ослободува од плаќање на царина и токму заради тоа во отсуство на една таква генерална стратегија на стопанскиот развој на Републиката имаме доста широки можности, одредби, без некое детално образложение за тоа кои дејности и гранки ќе се развиваат во Македонија, за да можеме и со Законот аз царини да дефинираме соодветна царинска политика.

Стратешки, Републиката треба да добие карактер на слободна трговска зона на целата своја територија и затоа, во контекстот на донесувањето на овој закон, сметам дека Владата би требала под најитна постапка на Парламентот да поднесе бидејќи се во тесна корелација, закон за царинска тарифа, закон за надворешно - трговско работење, аз странските вложувања, за концесиите, за царинската тарифа и за даночниот систем.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Ова е навистина еден од позначајните закони кои што треба да ги има една земја, една држава. Овој закон практично е продолжение на Законот што го имавме во поранешна Југославија и во дефинициите и во решенијата. Ова некако прилега на пазарно стопанство, се приближува со своите решенија на едно такво стопанство. Но, пазарно стопанство кое има пазарни услови.

V/8.-

Бидејќи македонското стопанство работи во вонредни услови и ненормални услови, тогаш е тешка применливоста на овој закон. А, дека тие услови се вонредни, зборува самото тоа што сме блокирани од сите страни. Од север поради блокадата на Србија, од Југ, поради блокадата од Грција и стопанството е страховито оптоварено со трошоци на работењето затоа што тешко се снабдува со репроматеријали, резервни делови и суровини. Или, ако се снабдува тие се многу поскапи. Многу доаѓаат со повисока вредност отколку што тоа го има стопанството во развиениот свет, затоа што треба да помине многу обоколни патишта. На пример, ако тргне од Германија, преку Чехословачка, Маџарска, преку Романија, Бугарија за да дојде во Македонија.

Според тоа, секој репроматеријал, секој резервен дел, секоја сировина е оптоварена најмалку со повеќе транспортни трошоци од 5 до 50%, зависи за каква суровина и репроматеријал се работи. А, особено имајќи го предвид фактот што со многу резервни делови стопанството треба да се снабдува брзо, обично се користи авионскиот транспорт, со тоа страховито нараснува чинењето на тој производ.

Според тоа од една страна имаме скапо производство, а тоа скапо производство доаѓа како резултат на наметнати услови од надворешни фактори, а од друга страна имаме исто така тешки можности тоа производство да се пласира на светскиот пазар.

Прво, заради тоа што има големи блокади, а второ, заради тоа што се прави тивка блокада на македонското стопанство кое што не е прогласено ниту во ОН ниту во Европската заедница. Меѓутоа, поради сеуште нерешеното прашање на признавањето на Македонија и нерешеното прашање околу името, се прави на еден доста перфиден начин блокада на пласманот на нашето производство.

Јас би кажал само еден пример, тоа е пласманот со јагнешко тоа место сега, во Западно - европската заедница, под мотивација дека има слинавка и шап во Хрватска, а ние сме од Хрватска оддалечени 400 километри. Едан Маџарска, една Австрија која граничи со Хрватска за нив нема забрана за пласман на јагнешкото место.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:** (продолжение)

Според тоа, кога се наоѓа ова стопанство во такви вонредно тешки услови тогаш ние мораме да донесеме и вонредни мерки за заштита на македонското стопанство. Според тоа, треба да донесеме и таков царински закон, инаку вие гледате дека ние го сведовме користењето на капацитетите некаде на 30, а некаде на 20%. Една катастрофална ситуација е . На пат сме многу капацитети да се затворат од базно и огромно значење како што е црната металургија, текстилната индустрија, како што се неметалите и да не набројувам многу гранки во Македонија, а за тоа најилустративно зборува и огромниот пад од минатата година и страшниот пад на производството во јануар месец кој изнесува од 20 до 25% во однос на јануар минатата година, а вие знаете што беше минатата година и каков пад доживеа стопанството. Според тоа јас мислам дека законот треба да биде во тој правец прилагоден.

Втора работа на која сакам јас да укажам дека ние немаме изградени институции на контрола за се она што се увезува и купува почнувајќи од прехранбени производи завршувајќи до производи за широка потрошувачка. Ние се и сешто увезуваме и во тој поглед се разви приватниот сектор, не се разви во поглед на производство се разви во трговијата затоа што тука не треба многу и пари и знаење и ние го направивме нашиот пазар со сосема неквалитетна роба. Еве да почнеме од прехранбени производи. Ние денеска добиваме многу неквалитетни сувомеснати производи кои при нормални држави и при добра контрола не можат да се најдат во продавниците. Погледајте само какво сирење увезовме од Бугарија . Било бело, било кашкавал, полно внатре со компири и со путер итн. Ние немавме можности тоа да го контролираме и

така е со огромен број на роба. Еве и со нафта таа е една од еколошката катастрофа што беше овде во Македонија, главно беше мазутот, нафтата, бензинот и други такви артикли со огромна содржина на сулфур, со многу содржина на цврсти материи, а да не зборуваме дека и по пет и по шест и по десет отсто внатре се ставаше вода. Според тоа, ние немаме институции за контроли. Таков е случајот и со голем број други производи, таков е случајот и со маслото, моторното масло, хидроуличното масло кое ни дојде од Чехословачка, кое дојде од Бугарија, кое практично има само зачини во себе и тоа ги упропастува возилата на нашите граѓани затоа што не знаат тие, не се стручни да располагаат со начинот на испитување, мислат дека тоа е добро и утре кога ќе му настрада моторот, машината тогаш ќе види во каква ситуација се нашол.

И, да се вратам на мислата, кога е ваква ситуацијата ние инсистираме да се донесат овие закони и закони треба да има една држава и да се дефинираат сите тие поими околу целокупната област на царината, меѓутоа, јас предлагам и мислам дека Парламентот треба да заклучи ние да мораме да донесеме и вонредни мерки за заштита на нашата индустрија за заштита на граѓаните и населението. Така да бидат регулирани и тарифите, тоа е чекор поназад, но тоа е чекор поназад во услови на нормални услови на стопанисување и ние утре кога ќе бидеме во 00Н и кога сакаме да влеземе во ММФ нас ќе ни се услови да го либерализираме увозот да влеземе во едни поконкурентни услови со светот, а тоа е начин ние да се бориме технолошки да го достигнеме тој свет, ама тоа можеме да го напра- виме кога ние ќе можеме и нашата индустрија да ја модернизираме, кога ќе можеме нормално да се развиваме, тогаш ќе можеме и тие да ги прифатиме, тие нормални услови кои  што "'светот" ги диктира, но кога сме надвор од тоа, тогаш

ние ако продолжиме со една ваква политика на една страна да водиме широка либерализација, на друга страна капацитетите страотно и натаму да ни опаѓаат ќе дојдеме еден ден да немаме индустрија, да немаме производство да немаме вработени, да нема лични доходи, тогаш не може да се обезбедува ни извоз.

Да заклучиме, мислам дека ова се вонредни моменти, ненормални услови на работење и така да ја прилагодиме целата наша царинска политика.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, познато е дека секој царински закон па и овој претставува еден од темелните прописи со кои се регулира не само политичката заштита туку во извесна смисла со овој акт се обезбедуваат основните елементи и услови за стопанисување во секоја земја, па во тие рамки треба да се обезбедат тие услови за стопанисување и во нашата Република. Во оваа прилика сакам нешто повеќе да кажам за начелата врз кои се заснова овој закон.

Сметам дека Предлог-законот е поставен спротивно на начелата за слободен надворешен трговски промет на она што значи пазарно стопанисување. Повеќе од јасно е дека предложената царинска политика е базирана врз фискалните определувања. Царинската постапка, царинските обврски и царинските инструменти се приспособени пред се, за поефикасно полнење на Републичкиот буџет, тоа впрочем го чувме и од другите претходни дискутанти кои го забележаа како една од главните недостатоци на овој законски акт. А, она што се бара од овој акт сите тоа

го знаеме тоа е поттикнувањето и развој а сето тоа го нема или го нема во доволна мера. Понатаму, заштитната функција на царината, на царинскиот систем даден е само декларативно. Не се почитуваат правилата на ГАТТ иако тие налагаат по- инакви односи во царинскиот состав на членките земји на оваа институција за кои постојат и меѓународни критериуми кои што овде не се доволно користени.

Сите стари теркови се присутни. Тие потсетуваат на оние стари добри времиња кога со царинските мерки се обезбедуваа еднакви услови за стопанисување што практично значеше пречки и зголемување на сите трошоци за извоз на стоки. Се она што не беше во интерес на Република Македонија туку на северните соседи односно на поранешните држави односно на државите од поранешна Југославија, односно југословенска заедница.

Посебен проблем се распонот на, царинските стапки и тие и натаму се задржуваат на релации од порано без да бидат намалени. Не се намалени и другите увозни такси и другите намети. Така царинскиот систем наместо полиберален станува уште порестриктивен. Со овој царински закон нема услови за привлекување на странски капитал. Нема основи за вложување на странци. Од тие причини не треба да очекуваме странски инвеститори, современа технологија и трансфер на таа технологија во нашата Република. Тоа постојано го бараме, го бараме од причина што бараме излез од кризата, а со овој акт тоа не се обезбедува. Структурата на увозните царински оптоварувања не гарантираат приспособување на стопанската струк- тура и потребите на стопанството и населението на Македонија.

За царините не може да се рече дека претставуваат значаен фактор за водењето на стопанската политика во Републиката. Тоа е едниот проблем. Вториот проблем е неизготвениот закон за царинската тарифа, а тоа овде го чувме дека без овој акт се оневозможува увид на поинакво влијание во структурата на увозните царински оптоварувања во согласност со цените на тековната политика на Републиката. Сето ова покажува дека царинскиот закон само навидум изгледа поедноставен во однос на предложените решенија. Факт е дека неговото спроведување е врзано со бројни подзаконски акти и придружни прописи кои треба да ги донесеме, а во овој момент нивното донесување гледаме дека е под голем знак прашање , затоа што тие сеуште не се пуштени во собраниска процедура. Сето ова не уверува дека ќе се остварат такви ефекти кои што не ги очекуваме ефекти што негативно ќе се одразат врз целокупниот развој на нашата Република. Сето!ова покажува дека Владата и натаму нуди нецелосни решенија, решенија кои не значат излез од постојните тешкотии во кои што' се наоѓа нашето стопанство. Од тие причини и овој пат се залагам не за парцијални, туку за глобални решенија, а посебно во сферата на оваа проблематика, бидејќи сите знаеме дека царинската политика е еден од најзначајните фактори за тоа како Македонија ќе тргне за подобра иднина.

**ХАМИД АЛИУ:**

Почитувани пратеници, ценето Претседателство, факт е дека овој Предлог-закон е препис од бившиот југословенски закон, меѓутоа, мораме да признаеме дека овој закон има свои предности и е доста поелегантен од претходните две фази што беа пред нас.

И нормално е дека овој закон спорен номенклатурата е засниван на Бриселската номенклатура.

На стр.2 каде се царинските стоки , Законот нема јасна поделба дали има увозен или извозен карактер. По членот 18 каде се обврските за плаќање од аспект на економската политичка цел не е јасен законот односно Законот не е јасен дали е фискален или заштитен така да има шанса да поприми и протекционистички карактер.

Мораме да признаеме дека овој закон има и позитивна страна, ако комплетно го анализираме за< што се избегнува кастадентниот систем што порано го имаше во законот за царина на бивша Југославија. Според спецификата што ја имаме како Република, а од друга страна целта што сакаме да ја постигнеме во надворешната трговија јас сум за еден царински закон каде ќе дојде до израз и потенцијално антидампински и компензаторски царини.

Исто така сметам дека Владата треба да размислува во сегашниот момент на нашето стопанство и од позицијата што ја има оваа држава дали со политичка платформа или на некаков начин за царинска унија. Зашто да не биде царинска унија меѓу Бугарија, Македонија и Албанија.

Исто така царинскиот закон мора да води сметка за движењето на инфлаторниот степен. Логично и нормално за мене би било дека денеска освен овој Предлог-закон пред нас да биде законот за царинските тарифи, а од друга страна ако знаеме дека од 1807 година законот за трговија во Франција , 1861 година трговскиот закон во Германија е донесен и реално е да кажеме дека бившата Југославија немаше свој закон за трговија туку го употребуваше стариот српски закон за трговија, мислам дека денеска ќе беше многу подобро да со Предлог законот за царини на дневен ред како пакет закони да беше и законот за трговија односно промет на стоки.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, секако дека потребата од донесување на ваков закон е повеќе од потребна во овој момент, бидејќи ние веќе еве трета година се наоѓаме во овие собраниски клупи и ваков закон ни е потребен со оглед на тоа дека ние од поранешна Југославија се одвоивме и како самостојна држава мораме нашите стопански текови и увозните и извозните зделки да ги регулираме со наши прописи т.е. со овој закон. Овде јас не би сакал да дискутирам во поглед на законот што тој содржински носи, но некои состојби на теренот на Република Македонија се тесно поврзани и со донесувањето и на овој закон и на она што досега се случува во стопанството кај нас. Овде од одредени дискутанти некои работи беа доста добро потенцирани, особено од пратеникот Љубосав Иванов, какви се пропусти се прават од таа област на увозна политика во Република Македонија која јас таа увозна политика тесно ја поврзувам со извршната власт на нашата држава и не можеме да ја третираме надвор од рамките на царинската служба која функционира во Република Македонија или не функционира, како сакате. Пред се за мене е многу битно и како човек и како пратеник бидејќи сум во овие собраниски клупи, битно е секоја работа да биде регулирана со закон, со норма и да се знае во рамките на тој закон да се делува и тој закон да биде применлив за секој без разлика кој на кое место и на кој положај се наоѓа, која функција ја зазема во државата итн. Но, за жал состојбите кај нас се сосема поинакви и одредени состојби досега од не функционирањето на оваа царинска служба и големите пропусти што се

направени од страна на Владата ни донесоа такви тегоби што веќе денес и официјално ги чувствуваме. Таква една состојба ние во битолската општина ја чувствуваме со фабриката за производство на шеќер. Не случајно излегов на оваа говорница да истакнам еден од овие проблеми на увозот кој се прави во РМ , што го спомна и Љубисав Иванов, неконтролиран увоз на одредени производи без разлика на тоа каков квалитет имаат и дали воопшто тие се употребливи за РМ.

Но, од друга страна се поставува и едно друго прашање дали ние воопшто имаме некои мерила и критериуми и некои стандарди врз база на кои ние вршиме увоз или го тестираме квалитетот на овие производи. Тоа се случи како што напоменав и со увозот на големи контингенти на шеќер во Република Македонија. И се случи тоа што требаше да се случи, 30-годишното постоење на ф-ка за шеќер во Битола дојде на работ на опстанок, а се заради тоа што Владата како извршна власт допушти да се увезува неконтролирано шеќер од разни квалитети во РМ.

VII/1/ПЈ/лј

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Оваа фабрика, иако повеќе години работеше во границите на рентабилитетот, со ваквите нарушени состојби е доведена односно до- ведено е во прашање нејзиното постоење. Сега се сретнува со такви сериозни тешкотии да не може да изврши ни онаа пролетна сеидба и да бидат застапени пролетните површини со шеќерна репка. Владата не сме< да си дозволи таков луксуз во Република Македонија, пречекорувајќи п овластувањата да дава дозволи за увоз на шеќер, и тоа само заради од- редени цели на одредени личности во Република Македонија да си ги остваруваат и да ги задоволуваат своите интереси на сопствените фирми. Тоа е направено. Ние немаме точни релевантни показатели колку контингенти, колку количини на шеќер во Република Македонија се увезени. Но, јас затоа укажав и затоа го потенцирав Љубисав Иванов што овде истакна дека ние се наоѓаме во една вонредна состојба и за нас се потребни мерки. Јас велам дека не ни се потребни мерки, туку ние треба целата оваа материја да ја регулираме стриктно со закон и во рамките на тој закон сите субјекти во Република Македонија да се однесуваат доследно во духот на тој закон. А не како до- сега законот не важи подеднакво за секој во Република Македонија. Ако ја земеме основата на овој царински закон, што значи, вие ќе се навратите во тој феудален систем, го носи и називот царински закон. Царевите воведуваа вакви давачки и ја регулираа таа материја што треба да внесат во својата држава, што треба да помине во нивната граница. А ние тој феудален систем кога сега претендираме да изградиме еден нов пазарен систем, ние повторно некако воведуваме некаква анархија во Република Македонија и не се знае кој јаде и кој пие. Се доведуваме во состојба, прво, една фабрика со неконтролиран увоз на некои производи да ја пропаднеме, па после со некакви мерки што не се популарни, а не со закони и со норми, да ја санираме таа состојба. Јас

мислам дека ваквото неработење на Владата и овој луксуз што си го допушти да даде толку дозволи за увоз на шеќер од различни водови црн, бел, и незнам каков и да се продава на јавни места на улица, да се црпи инт., тоа е недопустиво и недозволено. И ако ние понатаму со овој закон увидиме некои работи дека навистина се случуваат надвор од неговите рамки, незнам како парламент дали треба да ја контролираме работата на извршната власт на Вадата. Инаку, секој закон за мене ќе биде потполн промашај ако продолжиме со ваков однос и со ваква ерозија на моралот на субјектите во Република Македонија што се донесуваат на овој план.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Веројатно, Горги доволно не ме следел кога зборував или не ме разбрал, ние и со уставот се определивме за пазарна економија. Пазарната економија бара либерализација на увоз и конкурентно стопанисување, борба за висока технологија, за добивање на пазарот, на квалитетно производство и квалитет и квантитет итн., Мислам дека тука немаат дилеми, нашата определба је правилна и тој што сака да се заштити/ огради, тој нема перспектива, но, тој за услови кога ние можеме да го обезбедиме да сме примени во меѓународни финансиски институции, да имаме несметани прилази на светските пазари да можеме да ги користиме токовите сообраќајни, најблиски, заслужиме со најблиските сообраќајни врски, пристаништа итн. Дотука јас мислам дека нема дилеми. меѓутоа, јас кажав, бидејќи сето тоа не е обезбедено, бидејќи се наоѓаме пред длабока блокада, блокада званично не е прогласена против Македонија, но незванично постои и практично постои, јас се заложив во вакви ненорамални услови ние имаме и вонредни така да ги кажам услови, имаме и се заштитиме и доенсеме вонредни мерки. Тука тоа баш го мислев. Нашите шеќерани, нашата црна металургија, нашата обоена металургија, нашата текстилна

индустрија не може рамноправно да се носи со развиениот свет и со производството што доаѓа од тој развиен свет. Според тоа, ако сакаме ние да ја сочуваме таа шеќерана, а и ред други објекти, тогаш ќе мораме ние да воведеме некои царини, да воведеме режими, наместо Л.Б. - слободен увоз, да воведеме работни контингенти или друг некој решиме кој нема да овозможува вакво доаѓање на роба и кое дури ќе се продава по дамнешни цени. Сега тука веќе доаѓаат до судар и интересите. Од една страна сакаме да ја сочуваме својата индустрија, а од друга страна граѓаните ќе ги оштетите и ќе мораат да плаќаат нешто поскапо. Според тоа, ако ме следеше колегата ние практично од прилика сме на иста линија, во вонредни услови вонредни мерки и секоја држава тоа го прави кога ќе дојде во вакви ситуации треба да го направи македонската држава, а по право тоа треба под итно да го направи Владата, затоа што таа е компетентна во тој правец.

**ГОРГИ КОТЕСКИ:**

Јас излегов со цел само да кажам дека во позитивна смисла Љубисав Иванов го потенцирав на оваа говорница. Само тој требаше да биде уште поточен и подециден кога кажа за неконтролираноит увоз на мазут, заради не водењето сметка на тоа каков квалитет се внесува во Републиката, а ние евидентно и на пазарите овде во Скопје: гледаме се донесуваат и бричени и небричени прасиња вонајлонски вреќи итн., што е строго прехранбен производ и треба да подлежи на инспекција инт., тоа треба да се каже кој во оваа Република Македонија ова го допушта и го прави. Јас сум инаку да се регулираат работите само строго со закон и во рамките на законот ќе мора за сите да се однесуваме, без разлика на царот и говедарот, законот ќе биде ист за сите. Но, во овој даден момент во Република Македонија, законот не важи за сите подеднакво и за сите субјекти. Затоа, на една страна имаме луѓе кои прекуноќ ги правиме во

богаташи, заради давање на одредени дозволи од министерствата на Република Македонија за увоз на различни стоки , а од друга страна правиме крајно сиромашни луѓе заради неможност да дојдат до тие институции и да добијат одредени бенефиции. Во тоа ми беше мојата дискусија. Затоа велам јас и понатаму инсистирам законот како закон секој би бил добар и нај- добар ако се спроведува. Но, и најдобар закон ќе биде најлош ако не се спроведува. За жал, кај на досега во практиката се докажа дек ние немаме особено чувство кога ги донесуваме законите и сметаме дека ги донесуваме за некој друг, а не заради нас. А секоја држава тоа го прави, па јас затоа реков во феудалниот систем царевите права некаква селекција што треба да помине во нивната држава, што треба да увезат инт. А за нас тоа денес во оваа состојба уште повеќе е многу битно, затоа што ние сме ранливи и ние како македонска држава суверена држава треба да бидеме уште поголеми егоисти, треба да бидеме уште попретпазливи, повнимателни во тој поглед што треба да увезуваме за да не ги доведеме во прашаше нашите капацитети со одречување што ги правел овој народ и оваа дражва. Тоа ми беше моја дискусија и во позитивна смисла го спомнав Љубосав Иванов. Само друг пат да биде уште подециден и да каже каде се основните грешки јшто за одредени работи, одредени пропусти се направени. Зашто, ние не можеме како парламент да не вршиме контрола над Извршната власт. Не може извршната власт да биде поголема од парламентот. Ние таа контрола мораме да ја имаме. Такви неправилности мора да се сечат до корен, за да не може да има ерозија во оваа држава по било која основа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, јас не ќе имам за задача, ниту ќе имам на себе компетенција да говорам дали со некое одобрение ќе се постигне оваа

или онаа цел, ние конкретно со дозвола или забрана на увоз, за која говореа моите двајца ценети претходници Љубисав и Ѓорги. Овде ќе треба да стане збор што носиме денес и што сакаме да направиме со овој закон. Еден од дискутантите се задржа на темата дали законот има заштитна функција, дали има фискална или протекционашка. Било која од овие функции, законот ќе треба да ги поседува. Јас посебно ќе се задржам на тоа посебно како јас на ова гледам за секоја од овие три функции и четвртата обврската на државата спрема опколувањето односно другата поширока меѓународна заедница.

Законодавецот, нормално, вршел преписи, па и затоа се создавале сите овие науки, школи на овој терен, да се служиме со препишување еден од друг и со тоа се надградувале, сметајќи дека е својствено да направат нешто со кое ќе кажат ете и ние направивме. Затоа, во првата одредба на овој закон јасно е кажано што се работи со овој закон, се определува царинското подрачје, царинската линија, царинскиот граничен појас и царинскиот надзор. Ова се основните одредби со кои законодавецот се одлучил за што ќе расправа во овој закон. Меѓутоа, по мене законодавецот на првите три прашања одговорил со дефиниција кое што е.

Четвртиот, што значи царински, што е функција или што е дефиниција на царинскиот надзор дали при усвојувањето на начинот на работа од меѓународни обврски или од оној теркот кој што се служел така било, и заостанува дефиницијата што значи царински надзор. Веднаш преоѓа кои се мерки на подцарински надзор и ги подбројува само мерките. Сметам дека тука предлагачот бил недоследен во своето искажување. На оваа околност ние во Законодавно – правната комисија му кажавме на предлагачот дека ќе има -сериозни пречки поради немање

на дефиниција што значи царински надзор. Дами и господа, покрај се ова уште една моја начелна забелешка, откога ќе се вратам на функциите е и тоа во законот провејува големи овластувања на извршната власт со право да пропишува одредени норми. Ако на Владата и се даде да пропишува норми кои се санкционирани односно предвидени во закон, тогаш ќе се изгуби она раздвојување помеѓу законодавната и извршната власт. Да бидам конкретен, значи дека Владата во овој случај во моментот на извршување на законот ќе дојде во позиција и веднаш таа да пропишува одредби кои ќе бидат многу појаки, затоа што има овластувања, од самиот закон мислам појаки. На ова се наведува и одредбата од член 10 каде јасно вака е напишано: "Покрај мерките предвидени со овој закон Владата на Република Македонија пропишува посебни мерки на царинскиот надзор". Кога имаме отсуство во дефиниција што е царински надзор на Владата сега и даваме таа да стане законодавец да пропишува царински мерки во надзорот значи таа може да се определува и што значи да дава дефиниции на царинскиот надзор. Ова е една недоследност, која сметам дека во време на спроведување на овој закон ќе не чини скапо.

Господа, во образложението и самиот предлагач говори дека овој закон има својство на заштита на државата. Значи, заштитничко својство. Така е, кога се говори што говореа двајцата мои претходници за режими, подобрување и затегнување околу дозвола или ограничување на увоз. Тоа практично значи гаранција за заштита на државата во економската сфера.

Вториот дел со тоа имаме веднаш штом се воведуваат такси и царини да се плаќаат, тоа е фискалниот дел, значи, државата од една страна врши заштита од економската страна, од друга страна веднаш има и фискалниот дел практично си го пополнува буџетот. Умешноста на државата е во тоа да најде склад меѓу овие две функции. Што е

уметноста? Да цени кога ќе биде основот фискалниот дел да се пополнува буџетот и кога ќе се оттргне од тоа значи да дојде да се дозволи стопанството и ако некои од господата кои говореше за протекционаштво, тогаш тоа протекционаштво во овој закон ќе има смисла само ако вака се сфати и може да се добие соодносот меѓу овие две функции.

Последната што произлегува од царинскиот надзор е гаранцијата на граѓанинот односно на човекот за кој, практично, се носат и сите закони. Со овој закон се уредуваат правата на граѓанинот при излегување и влегување во државата. Дали ќе може да биде слободен апсолутно или ќе подлегнува на контроли и тие контроли какви и во која смисла ќе бидат.

На крајот што е најбитно со кои средства контролите ќе се вршат. Во Законот тука за средствата дали од економскиот дел, да кажам, од немоќта економска на самата дражва дека ова е државна функција да ги определи средствата, малку се говори. Или пак говорам да не одам во некомпетентност, државата има задолжение према другите институции а посебно према ГАТ и економската заедница да се придржува на одредени норми со кои државата со свои производи ќе учествува во конкуренцијата надвор од државата, односно со конкуренција на самото свое тло. Овие се основни елементи кои ќе треба да се предвидат и јас сметам дека доволно начелно не се искажани.

Уште едниот дел, мене не ми е јасно дали законодавецот толку ги исцрпел сите средства и во овој закон да предвидува да презема дел од кривичната одговорност, каде предвидува казна затвор до одредено време, до една година. Па, да немаме кодифицикација на кривичната одговорност и да се прави односно да не се прави разлика помеѓу кривична одговорност и надминистративна одговорност кога се донесува

законот за прекршоците каде се предвидува два месеци, а овде имаме друга определба за казнувањето, што сакам да кажам со тоа? Дали на нас, кога ќе одговориме подоцна, не ќе ни биде пречка ова во кривичното законодавство, посебно во посебниот дел кога ќе имаме кодификација, наместо сега што имаме општ и посебен дел и кривичен законик на Република Македонија па да имаме три или четири или повеќе закони, а тоа ќе ни се случи и со Законот за тутун, таму сега има, дали нацртот за кој говори Владата тоа ќе го предвидува, тоа не можам да го кажам, меѓутоа, овие инструменти од законот за царините ќе имаат и те како примена и во другите закони. Овдека јас на предлагачот би му пригиворил само на уште две околности. Зошто со овој закон не одеше во пакет и надворешниот промет.

**ТОМИССЛАВ СТОЈАНВОСКИ:** /продолжение/

Со предлог што веднаш царината ја обврзува како функција да го извршува и да врши надзор на надворешниот платен промет. Меѓутоа, тој закон го нема, останува стариот и сега се прави паралела - дали овој ќе отскокнува од тој закон или ќе му оди во функција. Тогаш предвидените средства за надзор се недоволни неподобрени.

Втората моја забелешка е што со овој закон требаше паралелно, па дури и веднаш да стои и законот за тарифата. Ние сега ќе расправаме за Законот за царините а ќе се случи да дополнително по месец- два, три или пет ќе расправаме за тарифата. Се прашувам царината кои одлуки ќе ги спроведува во контролата. Што ќе му биде елементот? Ја нема тарифата. По која тарифа ќе работи? Затоа ова парцијално решавање на цела процедура околу овој комплекс правни норми од областа на надворешното работење е неподобен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овој закон е многу значаен и би рекол прв закон од системски карактер во областа на економијата кај нас. Штета е што немаше едно добро уводно излагање каде ќе беше добро обраснато што е улогата на овој Закон воопшто во регулирањето, уредувањето на односите на земјата во сферата на економијата со странство. Инаку, мислам дека Законот треба да го донесеме и дека е добро концептиран. Тој е закон, така е подготвен, закон за царините на земја која нема царинска унија и нема спогодба за преференцијално царинење со некоја друга земја. Т.е. таа е онаа прва категорија земји во ГАТ кои фактички имаат непреференцијален однос со сите други земји и само ја употребуваат клаузулата за најповластена нација. Според тоа, овој закон тргнува од фактот дека Македонија нема никакви политички сојузништва што

имплицираат и одредени економски сојузништва и кои во фази би ги совладувале разликите во сферата и во стварањето на едно подрачје, царинско , па немаат преференцијален сојуз со некоја земја и немаат царинска унија.

Институтите кои се обработени во Законот заедно со надзорот и сите други институти се институции од ГАТ. Тие се признати институти од ГАТ, прифатени и мислам дека во овој закон се добро обработени. Она што ни не достасува во овој закон, а тоа може со посебен закон, инаку може и со овој закон е само категоријата слободни царински зони. Вие сте обработиле слободни царински продавници, но слободните царинските зони можат да бидат во Законот за царините а можат да бидат и со посебен закон. Веројатно нашиот предлагач подразбира една динамичка материја и дека ќе има посебни закони за слободните царински зони. Меѓутоа, можеби ќе беше добро да биде стипулиран само еден член кој ќе дадеше основа во овој закон што ќе биде можно и како ќе биде можно со посебниот закон да се решава за слободните царински зони. Методолошки на законот, инаку друго по мои сознанија, а јас ја познавам практиката на ГАТ нему не му достасува, нема сериозни недостатоци. Има добри и ефикасни решенија и треба овој закон да го усвоиме.

Еден дел од расправата која денес ја водиме не се однесува на овој Закон. Таа се однесува на инструментите на заштита каде може да спаѓа делумно и самата царинска тарифа и законот за царинска тарифа, но не само и Законот за царинска тарифа, туку и другите инструменти на заштита, така наречените нецариснки инструменти на заштитата. За тоа се квантифитивните ограничувања, техничките и други стандарди, здравствени стандарди и други начини пропишани низ постапката на контрола"на квалитетот кои претставуваат битни ограничувања, дури и заштита на домашното производство по некогаш. Таа материја не

припаѓа на овој Закон и правилно е забележано од претходните дискутанти дека ние имаме таму слабости, но таа материја не е материја на овој Закон. Овој закон мислам дека е направен во една доста чиста форма и доста добро. Важно е вака да е направен бидејќи ние кога ќе бидеме примени во Обединетите нации ќе се кандидираме за членство во ГАТ и таму поединечно актите треба да бидат испратени. Треба да биде испратен одвоено Законот за царините и оние закони со кои е дефиниран системот на заштита како и другите прописи со кои е дефиниран тој систем на заштита и тогаш доредени комисии на ГАТ ќе повикаат делегација од овде. Таму се соочуваат по секој документ одвоени. Ако овде ние вмешаме некоја материја од друга област, од другиот систем на заштита, други делови на заштита заради недостатокот можеби во тоа што таму го решавав можеби целиот закон не ни го фрлат во аут и ќе ни кажат дека повторно треба да го прегледаме. А методот на ГАТ е ваков. На пример ќе рече Законот за царини е во согласност со методологијата на ГАТ, нема проблеми, тој функционира, но кај Законот за квантитативни ограничувања, тоа ќе биде веројатно, не знам дали вие го подготвувате, или некое друго министерство, тоа е Законот за промет на стоки и услуги, или пак Закон за трговија ќе го викате кој ќе предвиди во кои случаи какви квантитативни ограничувања ќе можат да бидат воведени. Но, тоа ќе биде посебно разлетувано. Таа материја ќе биде разгледувана од ГАТ,а исто така ќе биде разгледувана и од некои служби во Меѓународен монетарен фонд, кој пак не дозволува низ системот на заштита да се ограничуваат можностите за плаќање итн. Тие се важни работи заради тоа што кога ги донесуваме сега овие закони постепено си правиме пристапница, патека за вклучување во тие меѓународни организации. нашите стартови овде треба да бидат методолошки чисти, треба да бидат стручно добро направени за да немаме после цести враќана назад

и да немаме после празни подови, дури и да имаме и блокади во економската размена со странство. Затоа мислам дека ова треба да се расправа.

Нашите дилеми околу тоа што ќе заштитуваме, со каква царинска стапка ќе заштитуваме ќе дојдат на ред во Законот за царинска тарифа. Ние за тоа ќе имаме опширна расправа. Тогаш може Парламентот навистина да укаже на нешто што за сега е пропуст, па треба на друг начин да се реши итн.

Овде, можеби на некои ќе му изгледа методолошки неисправно решението во членот 56. Таму се предвидува можност, бидејќи законот предвидува дека царинските стапки се уредуваат со закон за царинска тарифа. Во тој член се предвидува право на Владата да може да одредува и поинакви царински стапки во конкретен случаи. Таква одредба во ГАТ, таква можност постои. Овде во Законот ние таа можност треба да ја преземеме заради битни можни светски настани кои доведуваат до нарушувања на односите во сферата на маринирањето и заштитата.

Тогаш не е ни можно да не се претрпи во економијата огромни штети ако се оди со закон со кој може да се развлече постапката итн. А Владата може да кажеме и на берзански сигнали дури да реагира и за некои нарушувања веднаш да воведе некои мерки што се потребни. Затоа таа одредба е исправна и треба да стои, но бидејќи нашите правници честопати спорат треба да се наведе доказ од каде е земена, после ако настанат спорови, инаку мене ми е сосема јасно и мислам дека нема ништо спорно и таа треба да биде содржана во Законот.

Овој закон е неопходен и мора да претходи на Законот за царинска тарифа. Законот за царинска тарифа може да се направи во две верзии како закон, на земја без преференцијали и како закон на земја која има преференцијална спогодба и царините со преференцијалниот партнер се едни, па со другиот дел од светот, каде што нема преференцијална

спогодба се други. Затоа термински, временски законот за царинска тарифа мора да следува, мора после да биде, па дури и датумот на донесување кога ги даваме во ГАТ ќе биде регистрирано дека е после донесен и дека се водело сметка за сите аспекти кои се потребни.

Во Законот стои една одредба дека нашата земја нагласува има таква решение, ќе практикува еднострани преференцијални царински стапки т.е. нашата земја ќе дава, ќе одобрува увоз, веројатно тоа ќе бидат контингенти, во Законот за царинска тарифа ќе се предвиди, не вкупно, туку царински контингенти ќе бидат таму, утврдени толку, ќе дава олеснување во царините, преференцијални царини за извоз на некои стоки од земјите во развој. Тоа решение во ГАТ присутно, но и Обединетите нации, Генералното собрание имаа посебна резолуција за тоа донесено.

Сакам да кажам дека тоа решение со таа резолуција не ги обврзува земјите во развој да мораат да имаат свои преференцијални шеми и ние сега во , нашиот сегашен статус, колку сме ние сега недоволно развиени, ние сме земја во развој, но поради кризата која дојде овде нас не доведе до таму да ние не сме обврзани да даваме такви преференцијали. Но, јас мислам дека е добро да стои тоа како наше декларирано право, наше право и можност кое го даваме, а еден ден кога ќе се отстранат сегашните околности кои предизвикаа застој и пад на производството потенцијалите на Република Македонија се такви што ние би делувале навистина како европска земја. Тоа треба така да го објасниме дека тогаш навистина ќе почнеме да даваме еднострани преференцијали на земјите во развој. Мислам дека е правилно таква одредба да стои и ако во нашата политика кога ќе се раководиме веднаш не би ја користел заради повеќе прашања, и заради фискалните ефекти а и заради ниското ниво на економскиот развој кај нас и мислам дека ќе не вади од кругот на

обврзниците да мораат да имаат таква политика. Затоа мислам дека е добро денес да го донесеме овој закон.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господо, Многу убаво звучи кога носиме еден таков закон за царините, меѓутоа лебди една работа. Корелацијата меѓу Владата и царината. Многу добри излагања од претходите колеги што треба да се направи и к ако треба да се направи, меѓутоа забораваме една работа. Кога еден дискутант дискутираше пред мене рече дека Владата може да носи посебни мерки во рамките на Законот. Тоа има две крајности. Ако се носат мерки кои позитивно ќе влијаат врз Законот, ако не го елиминираат Законот кој го носи ова Собрание, ако не го прави неимун Законот, затоа што имаме ние од каде да се поучиме. Претходните влади, претходните собранија носеа такви закони но кога требаше да се заштитат производите на земјоделците кои беа вишок на оваа земја место да се заштитат истите производи се носеа не знам по кој пат во овие простори. Значи, оние мерки кои ги носеше Владата го уништуваат имунитетот на Законот. Значи,Владата односно дотичните министерства сегашни, односно Владата и Законот кој треба да го донесеме во моментот немаат никаква корелација.

Многу ми падна чудно зошто ние денес имаме таква анархија во пазарот. И сега постои некој закон за царини и закон за трговија, односно стопанство. Годинаипол зборуваме за заштита, и денес зборувавме за неразвиените подрачја. Внимателно ве слушав сите. Ако направите еден пат од тука преку Тетово за Гостивар, еден пат да направите од тука према Ресен, за Охрид, Струга ќе видиме што се става во тие ендеци. Јаболката други производи се фрлаат. Значи дури ние носиме закони, ние не го заштитивме оној на кој стално се бидеме во гради, оној што произведува. Пазарите, не знам тие контингенти дали паѓаат под некои закон на заштита, на царина се полни со јужни овошја. Јас не знак што се

има на пазарот. Како тие поминуваат на границите, затоа што слушнав тука дека ние имаме некоја забрана на увоз на роба, блокирани сме, но пазарите се полни со јужна роба и разно - разни други роби кои дали припаѓаат под царина, дали не припаѓаат, дали се заштитени од Законот јас тоа не знам. Ние сме 120 луѓе година ипол носиме некои закони, а сега го носиме законот за царина.

IX/1/JJ/OM

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ: (**Продолжение)

Убаво внимателно го слушав и претседателот на ова Собрание. Ми спомна некој ГАТ, некои големи надворешни трговии итн. Јас да ви кажам право, дај боже ние да влеземе во тие пазари, и добро беше искрен претседателот што реков дека тие закони, тие тарифни правилници, ќе ги носиме, дај боже кога ќе влеземе во тие пазари. Тоа е така. Меѓутоа, заборавивме да кажеме една друга работа. Што штитиме ние? Ние ги штитиме тие производи што ние ги немаме, нашите производи остануваат не заштитени. Значи го штитиме детето на комшијата, а нашето дете (се смешка) не го штитиме, босо треба да оди. Јас незнам дали е така, дали ме сфаќате што сакам да кажам.

Што ќе направиме ако ги заштитиме производите што не ги произведуваме? Произведувате ли вие господа машини, произведувате ли коли, произведувате ли вие комбајни, трактори и разни репроматеријали Не произведувате, а тие ги ставате под заштита и треба да минат на царина и да платите незнам колку. некој од вас ќе плати, ама некој не може да плати. Затоа, а затоа барам одговор од Министерството за стопанство, и сега да ми дадете одговор. и една друга работа, многу зборуваме и филозофираме. Законот не е филозофија. Законот си е закон што треба да се почитува. Џабе ќе биде ако носиме закони и да останат само на хартија. Не беа стручњаци луѓето на рабуш пишувале и богати беа државите. А сега три дена ќе зборуваме и ќе го донесеме, ќе сакаме да направиме право, а пак на ќошето ќе испадне криво. Зашто Затоа што не го почитуваме законот. Затоа што не гледаме дали треба д биде А или Б буквата. Ние имаме доволно стручњаци а немаме една работа. Владата секогаш треба да биде агилна и поуздана. Владата секогаш треба да има гем . Знаете што е гем? А гемот го има Собранието. Владата не може да носи закони што не му се потребни на народот и на ова Собрание. Ние секогаш доцниме. И ќе биде доцна кога тие некогаш ќе носат правилници што ќе бидат и

против ова Собрание и против народот кој работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за стопанство и пратеникот Симеон Ивановски поднесоа амандман на член 53 став 1 точка 1 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Симеон Ивановски поднесе амандмани на нас- ловот пред член 53 и на член 53 став 1, пратениците Стоиле Стојков, Јован Манчевски и Кирил Ковачевски поднесоа амандмани на член 8 точка 1 и на член 56 став 1, пратеникот Душан Николовски поднесе амандман на член 2 9 став 1 за додавање нова точка 9-а, а пратеникот Петар Темелковски поднесе амандман на член 2 9 за додавање нова точка 15 со кои Владата не се согласила.

Пратениците Шабан Превала, Џелил Таири, Хамид Алиу и Газменд Ајдарага поднесоа амандман на член 29 став 1, меѓутоа на седница на Комисијата за финансирање и буџет го повлекоа.

Пратеникот Наум Симјановски поднесе амандман на член 2 8 став 1 точка 13 и пратеникот Владимир Голубовски поднесе амандмани на член 19 став 1 за додавање нова точка 10, на член 19 став 1 за додавање нова точка 11, член 22 за додавање нов став 11 и на член 22 за додавање нов став 12 со кои Владата се согласила и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Горан Зафировски поднесе амандман на член 29 став 1 за додавање нова точка 6-а , по кој не е произнесена Владата.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 2 8 став точка 13, член 28 став 1 за додавање две нови точки 17 и 18, член 29 став 1 за додавање нова точка по точката 2, член 29 став 1 точка 4, член 29 став 1 точка 9, член 29 став 1 точка 13, член 53 став 1 за бришење на точка 2, член 55 став 1 и 2, член 56 став 2, член 153, член 206 став 1 и на член 311, пратениците Џелил Таири, Хамид Алиу и Ферит Садику поднесоа амандман на член 2 9 став 1 точка 1, а пратеникот Симеон Наумовски поднесе амандман на 232 за додавање нов став 2-а, по кој Владата не е произнесена.

Пратеникот Иван Иванов поднесе амандман на член 5 за додавање нова точка 5, член 6 точка 4 и за додавање нов наслов по член 53 за додавање нов член 53-а по кој Владата не е произнесена.

Пратеничката група на ПДП-НДП поднесе амандман на член 49 за додавање нов став 2 по став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Иван Иванов и Теодосие Паунов поднесоа амандмани на насловот пред членот 53 и на член 53 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за додавање нова точка 5 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (1)

Според тоа констатирам дека амандманот Собранието не го усвои на член 5 за додавање нова точка 5 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на член 6 точка 4 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 точка 4 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 1 поднесен од пратениците Стоиле Стојков, Јован Манчевски и Кирил Ковачевски.

Молам кој бара збор?

Во меѓувреме пратениците го повлекуваат амандманот.

IX/5.-

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 1 точка 13 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа и овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

По членот 28 каде што се зборува за ослободување од плаќање царина во точка 13, Владата во првобитниот текст што го понуди на Собранието предлагаше: "Претпријатијата од јавниот патен сообраќај на возилата наменети за меѓународен транспорт кој не се произведуваат во Република Македонија да не се плаќа царина при увоз". Меѓутоа, во текот на постапката во Собранието еден наш колега пратеник поднесе амандман, барајќи зборот "возилата" да се замени со зборовите " новите возила", така што сега прифаќајќи го овој амандман Владата го утврди текстот на членот 28 став 1 во точка 13, според кои ослободувањето од плаќање царина се однесува само за претпријатија год јавниот патен сообраќај на новите возила наменети за меѓународен транспорт, кој што не се произведуваат во Република Македонија. Ние и во Комисијата за буџет и финансии по моето излагање укажав дека ако одредени земји во кои што вршат дејност претпријатија од јавен патен сообраќај за меѓународен транспорт имаат утврдено одредени стандарди за да одредени возила бидат според нивните закони исклучени од сообраќај, тоа е проблем на тие земји и ризик на оној што ќе го купи транспортното возило за да врши меѓународен транспорт под претпоставка дека неисполнувајќи ги критериумите или стандардите ќе биде исклучен од

IX/6.-

сообраќај за да ја врши таа дејност во странство за меѓународен транспорт. Затоа амандманот кој што го предлагам фактички овозможува да се вратиме на старата првобитна формулација која што ја предложи Владата, пред да го прифати амандманот на пратеникот Наумовски и предлагам со овој амандман зборовите "новите возила" да се замени со зборот "возилата", така што текстот на точката 13 би гласел дека ослободување од плаќање царина ќе се однесува за претпријатијата од јавниот патен сообраќај на возилата наменети за меѓународен транспорт, кој не се произведуваат во Република Македонија. I

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Со оглед на тоа дека Владата го прифатила амандманот дека само за новите возила важи, обично произлегува дека не може да се прифати овој амандман кој што овозможува да бидат ослободени возилата, независно, од староста, а образложението дека е тоа проблем н^. земјата, мислам дека не држи а ние треба да водиме сметка да не ослободуваме стари возила, мислам да не ослободуваме овде со законот. Кога ќе дојде тарифата, е друго прашање за старите возила, а овде само за новите. Владата го ценеше претходниот амандман и го усвои. Според тоа се исклучува можноста да биде прифатен овој амандман на текстот на законот каде што составен дел станал претходниот амандман.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Мене многу ме радува што Владата води сметка како граѓаните ќе ја презентираат државата во странство, и што внимава на угледот на земјата во странство. Меѓутоа, во овој домен ми се чини не треба толку да се грижи зашто тоа е ризик на приватникот или на лицето правно или физичко кое ќе го набави возилото и кое што ќе врши таква дејност.

Што се однесува до угледот на државата, Владата нека создаде законски претпоставки и услови на стопанисување за да не се брука Македонија кога нашиве луѓе, за да ги купат тие камиони, за да купат опрема или било што друго во странство, не го вршат плаќањето преку деловните банки туку одат со торби девизи. Тука треба Владата да се запраша и да се ангажира да се подобри угледот во функционирањето на платниот промет со странство. А тоа што е предложено со амандманот за да се набавуваат не само нови возила, туку возила што ќе го намалат стажот односно староста на возилата и на возниот парк во Републиката, тоа нека си биде на ризик на оној кој сака да ја врши таа дејност. На крајот ние имаме и служби што вршат техничка дејност и преглед и редица други контроли кои што можат да го исклучат таквото патничко возило, товарно возило од сообраќај, а ризикот е повторно на сопственикот на истото, а не на државата, зашто таа не е сопственик на државата.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Се создава погрешна претстава како да со оваа Одредба се забранува увоз. Тоа не е точно. Значи не се ослободуваат од плаќање од царина, а инаку уредувањето за тоа како возилата ќе се увезат е друго прашање. да не биде погрешно сфатено дека со оваа одредба дефинитивно е забрането увоз на возила освен нови, стари возила, што ќе биде овозможено, меѓутоа не се ослободуваат старите возила од плаќање на царина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овој амандман само ако ми допуштите еден збор да кажам, јас зборувајќи за законот доста го пофалив и реков оти има мали, ситни пропусти, но е добар. Стручно е добро направен. Видете, во овој член

28 , целиот член има системски карактер, тоа се трајни права и услови кои што дефинираат трајни права на субјектите. Оваа точка 13 е политика, тоа не е за законот и затоа е најдобро да си ја земете се свртува кон предлагачите) и да си ја избришете. Оваа точка е сосема друг карактер. тоа е и затоа е непотребно сега да се караме. Таа точка спаѓа во царинската тарифа, и ќе треба да дојде во законот за царински тарифи, а не овде. овде не и е местото. На жалост, ете немам амандман само им укажувам и тие можат сами да си го предложат и сега, оти на чистотата на законот кога ќе го гледаа таму малку ќе ви го преметат тоа.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакав да направам само една мала интервенција во погрешното толкување на моето искажување од страна на министерот. Со овој амандман јас не кажав дека Владата забранува увоз на нови возила, туку јас се залагам, амандманот е во таква содржина, претпријатијата од јавниот патен сообраќај што вршат меѓународен транспорт за возила што не се произведуваат во Република Македонија да бидат ослободени од плаќањето на царина, зашто тоа е и дефиницијата на членот 28, меѓутоа тоа да не се однесува само за новите возила, туку за возилата, како што беше првобитната формулација на Владата во понудениот текст.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Теодосие Паунов.

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господо, јас мислам дека точка 13 не би требало да постои, но веќе кога постои, го прифаќам текстот како што беше даден од Владата. Од причини што мислам дека овој закон

треба да биде за подолго време што не треба да се променува и што мислам дека сега сме ние во време кога нашиот возен парк во Македонија е со старост во просек преку 14 години, кога нема- ме возила, кога треба сега да избориме средства, едно возило да се набави 300 илјади марки, а кога може со 50 илјади марки да се набави возило од 500-700 илјади км. поминато. За такви возила 2 милиони кило метри поминато не е ништо. 2 милиони км. поминати се сметаат исто како нови, здрави возила. И при овој степен, ако ни требаат девизи, ако сакаме брзо, ефикасно да го искористиме превозот, да и донесеме девизи на државата треба да се оди во транспортот. Транспортот е најбрзо што се опремува и се става во процес на производство на услуги, додека ако градиме некоја друга фабрика, потребни се неколку години, за да донесе пари. Така што мислам дека треба да си остане првобитниот текст како што беше односно да се прифати амандманот на Тодор Петров, да остане тој текст и во овој период за 2,3 5 години, а потоа кога ќе созреат условите, кога ќе имаме можност да набавуваме нови возила, тогаш таа одредба ќе се укине, ќе се промени како треба ќе се направи но тогаш ќе имаме и средства, ќе имаме девизи. Сега при ваква сиромаштија мислам дека е неопходно потребно да се ослободат од плаќање на царина и возила со поминати повеќе километри и користени повеќе години.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Претходниот дискутант голем дел ми зеде од моето излагање. Бидејќи знаеме дека ние сме сиромашна земја не можеме веднаш да тргнеме на увоз на нови возила. Јас се прашувам која работна организација или акционерско друштво ќе може да купи сега нови возила, кога и онака сме во колапс. Развиените земји имаат некаде просек возен парк од 8 години, а нашиот возен парк е некаде над 14 години. Затоа сметам дека не држи предлогот на претставниците на Владата и мислам дека предлогот на Тодор Петров е сосема на место и ние како пратеници треба да го поддржиме. Со тоа ние ќе помогнеме да заживее нашето македонско стопанство. Сметам и апелирам, господа пратеници да гласаме за амандманот на г-дин Петров.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас пак ќе кажам, не сакам да говорам индивидуално за одредени постапки на Владата или државата. Ќе останам во начелото кога говорев што е право, што е фискал, што е економски интерес. Баш оваа точка 13 како можеше да дојде и да се поклопи да ни говори за една таква работа.

Господа пратеници, за оваа одредба ќе треба да одлучиме дали ќе ја помагаме сега економијата, а ќе нема средства во Буџетот, или ќе има средства во Буџетот, а ќе ја сопираме економијата.

Сега да кажам кратко и јасно што беше недоречено во законот. Овде го сметам за исправен првиот текст. Ако , кога е правен законот се одело да се помогне економијата, сигурно оној што го составувал законот морал да ги има предвид овие параметри и се одлучил во овој момент да го подобри возниот парк за тие претпријатија што ќе вршат јавен сообраќај. Затоа сум на стојалиште да се прифати предлогот на Петров, овој закон да има економско значеше, а не фискално.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот .

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(69 пратеника)

Дали има некој против?(4 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање?(5 пратеника)

Констатирам дека Собранието го усвои Амандманот на член 28 став 1 точка 13 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по Амандманот на член 28 став 1 за додавање две нови точки, 17 и 18, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕД ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа првиот дел од Амандманот, а го прифаќа вториот дел. Првиот дел е точка 17, нови патнички и товарни возила, кој не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи точка 17 не ја прифаќа, а 18 ја прифаќа.

Дали некој бара збор?

Ве молам, натаму расправаме само за дел од Амандманот да се дополни тој член со точка 17 , бидејќи еден дел од Амандманот е составен дел на текстот на законот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Со овој амандман во членот 28 каде се уредува ослободувањето на плаќање на царина беше предложено да се додаде нова точка 16 , а после точка 16 да се додадат две нови точки 17 и 18 и тоа според известувањето од Владата ослободени се од плаќаше царина претпријатијата од воздушниот сообраќај при увоз на воздухоплови. Меѓутоа, Владата даде негативно мислеше , државјаните на РМ да бидат ослободени при увоз на нови патнички и товарни возила. ,

Еве зошто го предлагам овој амандман и сметам дека и во моето излагање ,ќе побуди одреден интерес Владата со акти кои и во своја надлежност ги донесува малку побрзо да го регулира прашањето за одредени состојби при располагањето со патничките и товарните возила.

Ние во РМ честопати денес можеме да видиме дека на патиштата ни сообраќаат коли со регистарски таблички регистрирани во Албанија и Бугарија. Зошто? Затоа што сите или поголем број на приватни претпријатија и други правни лица отвораат претставништва во Албанија и Бугарија, макар фиктивно, увезуваат на име на тие претставништва многу ниски старински стапки патнички и товарни возила и со истите сообраќаат во РМ.

Владата пред извесно време ја извести јавноста и на една своја седница донесе една одлука со која дозволува увоз меѓутоа со плаќање на царина, утврдената царинска стапка од околу 22% на патнички возила до 5 годишна старост. Меѓутоа, барем за мене, не го регулира прашањето да може сите правни лица во РМ да не плаќаат толку високи царински стапки , туку барем колку- толку и тие царински средства што на име на царина ги уплаќаат во соседна Албанија и Бугарија да може да се уплаќаат на сметка на РМ. Мене ми се чини тој недостаток што можеби и Владата , надвор од овој закон со интерни акти на Владата ќе треба што побрзо да го регулира ова прашање имајќи предвид дека царинските стапки на увоз на патнички возила се многу ниски во соседните држави Албанија и Бугарија и на тој начин се врши одлив и на девизни средства, а и она што може да го земе државата се препушта да ги собираат соседните држави.

Понатаму сметам дека сеуште со нерегулираниот на надворешниот платен и трговски промет помеѓу соседна Србија ние дефакто и дејуре повторно како да ја штитиме индустријата за патнички возила која беше составен дел на заедничките поранешен пазар, меѓутоа, која сега не влегува во пазарот на Македонија. Тоа е при увозот на возила од Црвена Застава - Крагујевац, не се плаќаат царински стапки, или се плаќа само 1% за царинската декларација. Фактички повторно излегува како да се штити само индустрија за. производство на патнички возила која не е на територијата на РМ, не е наша индустрија. Таа индустрија е на странска држава, за разлика од оние патнички возила кои се произведуваат во други држави. Од тие причини имајќи го предвид и фактот на староста на

возниот парк, предлагам и овој пример што го кажав со сообраќањето на патнички возила регистрирани од наши претпријатија преку нивни претставништва со регистерски таблички од Албанија и Бугарија, предлагам Владата стимулативно да го прифати овој амандман или пратениците да го изгласаат, а тоа е да бидат ослободени на плаќање на царина државјаните на РМ при увозот на нови патнички и товарни возила во РМ.

**ЏЕВДЕД ХАЈРЕДИНИ:**

Господинот Петров образлагајќи го својот предлог да бидат ослободени на плаќање на■царина сите патнички возила нови, рече дека во соседните земји има сосема мали тарифни царински стапки. Значи и во соседните земји не се ослободени од плаќање царина. Ве молам да се има предвид дека овој закон е системски. Препораката Владата да преземе мерки да ги намали царинските давачки, тоа Владата и го стори пред да се донесе овој закон. Молиме да се има предвид дека инсистирањето на овој Амандман, па и на други слични дека овие прашања , тоа господинот претседател на Собранието, пред малку многу добро го образложи ќе се уредуваат со Законот за царинската тарифа, чија постапка за донесување може да отпочне само откако овој закон ќе биде изгласан. Во еден системски закон кој одредува процедура , кој објаснува појмови, кој ги внесува во него содржините што оваа држава треба да ги преземе од општата спогодба за царини, не може однапред да ставаме овде,од член 25 до член 32 се разни ослободувања кои со царинската тарифа не може да се пропише никаква стапка. Значи овде бараме во овој системски закон за одредени производи, а тоа ќе видиме и подоцна однапред да ги врземе рацете и во царинската тарифа за

догледно време значи додека овој закон системски не се менува воопшто да не смееме да обезбедиме една флексибилност, а тарифата може да биде од нула до колку овде ќе се процени, до 25% во овој случај. Според тоа, не може во овој закон да прифатиме една ваква долготрајна определба.

Можам да ви кажам дека има земји и најразвиени во светот кои немаат автомобилска индустрија, меѓутоа, имаат царина за увоз на коли. Пример Холандија. Не велам јас дека ние ќе имаме повисока царина, можеби ќе имаме и пониска од соседните земји за да ја спречиме појавата да се регистрираат таму возила меѓутоа, не можеме во системски закон да прифатиме таква долготрајна определба за еден таков производ за кој знаеме ние која категорија на граѓани моментално се заинтересирани , да бидат ослободени однапред од можноста да биде пропишана царина во законот за царинска тарифа.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, навистина законот е системски меѓутоа, ние доста доцниме со овој закон и видете што се одвива во нашето окружение.

На пример во една соседна Албанија доволно државјанин на РМ да отвори една фирма за 100 марки и после да може да купи возило од увоз за 200 марки царина. Тоа е едниот аспект.

Второ, познато е каква е состојбата со возниот парк во РМ. Државјаните на РМ ако нешто можат да осетат благодет од политичкиот плурализам во Републикава, и благодет од пазарната економија, баш ова е сектор каде може да се постигне и тој ефект.

Навистина подолг период бевме во дефицитарност за бензин. Инаку поради староста на возилата во РМ сообраќајниот трауматизам ги голташе граѓаните на РМ. Мислам дека политичките партии на ова прашање ќе постигнат консензус за ослободување на граѓаните на РМ при донесувањето на тарифите на овој сектор многу ниска царина за увоз на возила со оглед на сите овие компоненти што ги спомнав, и со оглед на тоа што Македонија за подолг период, барем сега нема да поседува автотона автомобилска индустрија.

**ЏЕВДЕД ХАЈРЕДИНИ:**

Морам да интервенирам почесто затоа што се мешаат поимите Овде предмет на расправа се државјаните, граѓаните, а не претпријатијата. Тоа што е можно во Албанија да регистрираш фирма, и да увезеш кола, и кај нас ако регистрираш фирма опремата е ослободена од плаќање царина. Ве молам се работи за друга работа. Овде не се работи за обврзници, овде се работи за членот државјанин, а не фирми. И кај нас фирми се ослободени царина.

Ве молам, морам да повторам, ако овде се прифатат вакви определби не се можни понатаму никакви други давачки, никаква можност да се интервенира во одредени ситуации кога ќе биде потребно. Значи треба да се има предвид дека барањата кои се предмет на овој амандман, не е исклучено да бидат решени во таа смисла. Само Владата инсистира тоа да биде решено во Законот за царинска тарифа, а не во овој закон, системски.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Внимателно го следев министерот и по ова прашање можам да заклучам дека Владата нема изградено став по основ на новите возила, не на увоз на претпријатија, туку како државјани односно граѓаните. Меѓутоа, јас морам да кажам дека очекував законот за царинските тарифи да го видам заедно со законот за царини. Морам да ви кажам, од проста причина што она што овде го регулираме можеше да биде паралелно ставен заедно со законот за царински тарифи, па да видиме што! ќе биде ослободено, а што не.

Меѓутоа, една друга работа, што мислам дека не би било штета ако се стави во овој системски закон е тоа што, со оглед на моите согледувања што ги имам во РМ не се планира отворање барем на некое поголемо претпријатие кое би се занимавало со производство на нови патнички возила. Така да не гледам кого би штитела РМ, а до колку и тоа би сакала да го направи во старт, тогаш не би можела да штити монопол. Би требало да се отворат масовно поголем број на претпријатија, па дури тогаш да се каже еве имаме наша сопствена индустрија, која ги задоволува потребите на граѓаните.

XI/1 рд/см

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници.

Морам уште на почетокот да констатирам дека погледите на нашите граѓани се свртени кон оваа седница. Заправо кон усвојувањето на овој закон. Затоа мислам дека треба да правиме напор тие што од нас очекуваат да го направиме.

Што се однесува до прашањето што министерот за финансии рече дека во соседните земји претпријатијата се ослободени. Јас са|МО ќе спомнам дека не само претпријатијата, туку и граѓаните. Наши граѓани одат, јас сум поблиску до Албанија, одат до Албанија на привремен претстој како странци, не како тамошни граѓани и регистрираат возило без никаков проблем, дали старо или ново 150 долари царина плаќаат и ново возило или старо увезуваат. Според тоа сакам да се знае дека ова е вака. Ова е практично вака како што реков, не само теоретски. Што се однесува до ова што се предлага амандманот туку, јас лично го поддржувам, бидејќи како што реков на почетокот очите на нашите граѓани се вперени кон нас. Јас мислам дека, а убаво рече и колешката пред мене дека ние во овој досегашен развој немаме претензии, барем за сега да развиеме некоја индустрија на патнички или товарни автомобили. Имаме нешто за приколки во нашата држава, меѓутоа немаме таква определба, бидејќи таква е нашата можност. Заради тоа мислам дека амандманот треба да добие поддршка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас уште еднаш ќе потсетам на она што на 13-та точка од претходна точка укажав. Сигурно има сега причини кои не наведуваат на тоа да размислуваме да се укине царината на увоз на патнички и товарни

возила. Меѓутоа, да се разбереме. Овој е закон за царините. Овде се воведуваат трајни права. И ако овде овој амандман се усвои, како што рече и министерот не може после во царинските тарифи да се предвиди било какво царинење на патничките и товарните возила. Сега да ви кажам како. Ако го решаваме со закон за царинските тарифи, тогаш ние сигурно како што во европските земји има, тоа ќе го разврстиме, па ќе кажеме возила до 1200 - 1300 кубика се без царина. Возила од 1300 до 1600 кубика се со 10% царина. Возила до 2000 кубика се со 15% царина, преку 2000 кубика се со 40% царина. Зошто е тоа важно. Си има човекот слобода и нека увезе ако има пари. Сега истовремено имаме многу големо раслојување. Иако имаме економска криза имаме големо економско раслојување. Подинци доаѓаат оправдано или неоправдано, законито во секој случај претпоставувам до големи пари. Тие луѓе имаат право да си купат и мерцедеси од 3000 кубика. Со тоа пак нас ќе не изложат, тие повеќе трошат, па повеќе ќе треба девизи за гориво итн., но и тоа е добро. Но ако тој има пари да купи мерцедес од 300 0 кубика, зошто да нема пари да плати 40% за школите, бидејќи од порезот се полни Буџетот, па ќе треба и школите да ги финансираме. Така да, ова е една комплексна материја, па ако се помести тежиштето од системскиот закон, сега сакаме да ги решаваме работите што се решаваат |после, а тоа не е возможно,јас на сите ви велам не е возможно Законот за царинската тарифа да дојде заедно со царинскиот закон. Тоа едноставно не е возможно и заради социјални причини тоа во ниедна земја не се прави. Затоа, ние тука ќе погрешиме многу. Затоа велам ова да се остави за разгледување кај законот за царинските тарифи. Инаку овде едноставно до измена на таа одредба од овој закон, не ќе биде возможно да се воведат царините.

XI/3

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Господинот претседател сакаше преку овој амандман да внесе класно - социјален елемент. Демек зошто ако некој ако има пари да купи ново патничко возило или товарно да не плати преку царината индиректно со буџетски средства, средства кои ќе се наменат за школи. Колку ние школи изедовме преку интерните акции, ако не се платија никакви давачки, придонесува на државата. Ние тој класно - социјален елемент не го гледаме од таа друга страна, тоа што најмногу општествениот капитал се разви, преку овие сега внесуваме елементи на класна социјалност и раслојуваност кај населението. Меѓутоа, сакам да укажам и на еден елемент. Во член 56 беше овде укажано дека ако се подведат патничките и товарните возила под царинска стапка слободно што ќе биде утврдено со Законот за царинска тарифа дека Владата не ќе има никакво влијание врз политиката на увоз на патнички товарни возила. Јас сметам дека членот 56 дава таква можност на Владата и јас ќе го парафризирам, а тој се однесува на следното. Вели член 56 став 1: "Владата на Република Македонија по предлог на Министерството за финансии, а по претходно прибавено мислење од Министерството за односи со странство и од Министерството за стопанство, може важечките царински стапки да ги зголеми, односно да ги намали или да ги укине, а за стоките во кои за царинската тарифа е предвидено царинска стапка слободно, што значи за се она што ќе биде ослободено, според одредбите на овој закон, може да определи и царинска стапка од 15% по следните услови нарушување на пазарот итн. Затоа сметам дека и покрај

прифаќањето на оваа формулација за додавање нова точка 17 во став 1 во членот 28 сепак ми се чини дека Владата повторно ги задржува прерогативите да врши влијание, и покрај тоа што и преку Законот за царинската тарифа со овластувањето што членот 56 и ги дава. Затоа, сметам дека нема никаков проблем во тој поглед Владата да влијае со свои одлуки и акти, заради евентуално пореметување на пазарот, токму со овластувањата што се превидени во членот 56.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве сега ние наидуваме на случај кога едно практично прашање треба да го решиме на најповолен начин, каде што се извртуваат работите и се сака од него да се прави некој маркетинг итн. Се разбира, и ако сум вовел класно - социјален елемент, во моето излагање го воведов врз основа на искуствата на европските земји, кои исто така воведуваат социјални елементи и во царинската тарифа. Да се разбереме, земете ја царинската тарифа на поедини земји од Европската заедница, ќе ги најдете овие работи што ги најдовме овде. Каква врска имаат интерните акции со оваа царинска одредба, тоа само господинот Петров веројатно знае. Или пак моето претходно излагање со интерните акции каква врска има и тоа незнам. Инаку, сигурно тоа што се внесе во царинската тарифа таму ќе биде одредено посебно да се стимулираат возила кои возат безоловен бензин. И сите работи ќе бидат разработени таму. Ова само сакав да кажам дека е работа на царинската тарифа. На Законот за царинската тарифа и ништо понатаму. Ако некому се противам, ако мисли поинаку, тоа е се во ред. А што се однесува до правата по член 56, правата на Владата се во однос на Законот за царинската тарифа и таму каде што не е установено право на утврдување на царинската тарифа Владата не може тие права што се

дадени со царински закон да ги укине.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, овдека по се изгледа имаме недоразбирање помеѓу основот што е право и основот што е обврска. Со овој закон се даваат правата, дали тоа ќе бидат правните или физичките лица, а царинската тарифа е обврска. Ова е основна поделба. Тука не може- ме да мижеме на оваа околност. Штом ќе ја направиме оваа разлика и ова треба да утврдиме: дали овие права што не се предвидуваат во овој закон, царинската тарифа ќе има слобода и начин да врши поинаков третман, односно третманот на кој господинот Андов за сега дека тоа ќе може така да се пропишува. На таков начин ако пристапиме со овој закон и со Законот за царинската тарифа, тие два закона ќе бидат во колизија. Јас не велам дека не е така, меѓутоа, основно ако немаш право, ќе му препишеш и обврска. Каква обврска ќе има ако нема право. Затоа овдека до кој степен како ќе оди, ако беа заедно и тарифата и Законот, ние ќе имаме огледало. Тоа го предлагаме како право, а ова како обврска. Значи овој Парламент во денешниот состав, тоа го донесува Законот едниот и другиот ќе имаше целосен увид, немаше да има накнадно уверување што мислел денеска, па после преспивање на една ноќ, што ќе мисли утре. Затоа сметам дека треба да се поддржи предлогот на господинот Петров околу правата да се утврдат со овој закон. Тоа е мое сфаќање. Можеби и јас грешам. Не кажувам дека сум тотално исправен. Меѓутоа, сфаќањето мое е во тие граници и така се одвив.

**ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:**

Јас мислам дека ако царината е основ за заштита на некој производ, ние кај нас не произведуваме за возила некој поголем дел, освен гуртни, штрафови итн. За тоа царината не треба да постои на овие

производи. А за класниот социјален елемент, тоа и денеска се третира со даноците за возила, кога одиме на регистрација возилата од 300 кубика имаат друга тарифа за регистрирање, возилата над 300 0 кубика имаат друга тарифа. Затоа мислам дека треба да се поддржи овој амандман.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, јас излегов да поставам една принципиелна забелешка. Ми се чини и овој амандман кога сега моментално е во тек на расправа, па и сите други амандмани, кои се поднесени на овој закон, мора да кажам по моја оценка дека имаат една омашка направено, што навистина голем дел од нас пратениците, почнувајќи од личните интереси и од интересите на одредена дејност во која тие се занимаваат, прават напори во еден системски закон, во еден закон кој треба да ја дефинира царинската служба да се вметнат делови, како што беше и до сега искажано од Законот за царински тарифи. Навистина молам и барам од сите пратеници да ја согледаат оваа суштина и навистина овие две прашања ги одвојат едно од друго, и дека ќе имаме можност сите овие наши амбиции, желби да дадеме придонес за сопствената средина, за сопствената дејност, за сопственото залагање, во услови кога веројатно би требало да биде наскоро, бидејќи царинскиот закон, како закон не би бил во функција, доколку со него не биде составен дел и Законот за царинска тарифа. Оттука мислам дека навистина треба да дадеме придонес и оние кои ги имаат поднесено овие амандмани, а кои по моја оценка навистина не се однесуваат на царинскиот закон, туку токму се однесуваат на законот за царинската тарифа, да ги согледаат сите овие компоненти, односно аргументи и да дадат придонес навистина овој закон колку е можно денеска да го донесеме, како што рече еден. од колега дека очите на граѓаните се

вперени во нас пратениците со намера да го донесеме царинскиот закон и тоа навистина тие граѓани кои сакаат да добијат некои сознанија во оваа смисла и правилно ги насочиме, да не ги дезинформираме дека со овој закон практично нив ги ставаме во одредени рамки, во кои државата, односно Владата ќе има такви овластувања што на некој начин ги преминува и оние што тие ги очекуваат. Мислам дека со овој закон не се уредува тековната политика. Ниту царинската ниту економската тековна политика. Напротив, тоа е еден системски закон со кој ние денеска треба да дадеме придонес со кој по мое оценка на некој начин ја заокружуваме државноста на Република Македонија, ја заокружуваме државата, ја идентификуваме државата, така што тоа е системски закон, дел од Уставот итн., а тековната политика поготово царинска и економска тоа како што реков мислам дека треба да ни биде јасно дека ќе се уредува со други прописи, со други закони, а не со овој закон за царината.

Оттука, предлагам и се залагам и овој пат ќе кажам дека сум против сите амандмани кои се поднесени во таа смисла и нема да гласам ниту за еден, а- сум спремен во овој момент да гласам за донесување на царинскиот закон. Со тоа мислам дека како пратеник ќе дадам придонес повеќе уште еднаш што побрзо да ја заокружиме нашата државност.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Би било добро за оваа прилика пратениците да се помислат од позицијата како граѓани, туку да бидат свесни за позицијата која произлегува од институцијата на која и припаѓаат. Ова уште повеќе би

требало да го земат на знаење оние кои што имаат чувство за одговорност за градење на државноста на Република Македонија, бидејќи не сум убеден дека сите подеднакво одговорни се чувствуваат да направиме навистина функционална држава. Од таа причина мора да се прифати фактот дека законот за царини е системски закон, дека законот за царинска тарифа е само негова надградба. Би било многу лошо до колку би се смалил просторот што природно произлегува за законот за царини кога однапред би се пријудицирале одредени регулативи по Законот за царинските тарифи. Затоа уште еднаш сакам да укажам на сериозноста од донесување од овој закон и исто така да потсетам и делот од опозицијата дека и мудроста на политичкото дејствување во однос на политичката тактика налага кога ќе се почувствува дека за некоја проблематика се задржало, мудро е да се повлече назад и да не дозволиме заради расположението, заради структурата на Парламентот и заради она што можеме да погодиме дека еден дел од овој Парламент би можел да посака да ги задоволи личните интереси на една популација да го спречиме донесувањето на еден лош закон кој што ќе предизвика вистинска анархија во Република Македонија. По амандманот јас ќе гласам против.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, овој амандман навистина медиски е многу атрактивен. Неспорно предизвикува интерес и кај граѓаните, а се разбира не го елиминирам и практичниот интерес на пратениците. Јас верувам дека ние оваа дискусија ќе ја збогатиме и добро е да ја водиме по Законот за царинската тарифа.

XI/9

Но јас немам никакво право да влијаам кај предлагачот на амандманот да го повлече амандманот. Јас не го поддржувам амандманот од следниве причини: законот за царините е закон со кој се уредуваат основите на царинскиот систем. Тој станува комплементарен со донесувањето на законот за царинските тарифи. Овозможува на Владата, на државата да води соодветна политика во оваа сфера. Ние можеме да се определиме да го прифатиме овој амандман, да ја зезнеме оваа Влада да не може да води економска политика, но еве имајте во вид дека можеби утре ќе дојде некоја друга Влада. И некој друг аспект многу значаен. Сите европски земји водат политика токму со царините. Ние можеме да донесеме да се прифати овој амандман, значи во принцип никаква царина за увоз на автомобили од било која земја. Таква земја во Европа нема, а незнам дали и во светот има. Водејќи соодветна економска политика, тие фаворизираат одредени односи со определени земји, на пр., ослободуваат од царина за увоз на јапонски или германски возила, затоа што имаат соодветни економски односи, многу блиски, но пак забрануваат увоз на автомобили од други подрачја.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:(продолжение)

Во условите на царинскиот систем уредуваме непосредни односи на права и на водење на генерална политика, тогаш не знам што е смислата на законот за царинските тарифи. Тогаш да ги прошириме и овие членови од овој закон, па на едно место да го направиме и Законот за царинските тарифи. Според тоа, оставете, веројатно бидејќи овој Парламент ќе биде надлежен за Законот за царинските тарифи па еве тогаш да разговараме во таа прилика, да бараме од Владата и биланси и односи, па да видиме точно тогаш дали можеме во овој момент како држава да се откажеме од приходите од царина за увоз на автомобили, а не сега.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, неспорно е овде дека се работи за системски закон. Но, ова беше прилика и амандманот да го издигнеме прашањето на политичко прашање, на економско прашање на социјално прашање не класно, како што некој се залага. Апсолутно го поддржувам претседателот на Собранието по ова прашање, меѓутоа, сепак ова беше прилика да кажеме дека една поголема социјална категорија на граѓани е толку многу голема што на ова прашање, кога се носи законот за тарифите, Владата не смее да нема слух во овој поглед.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Многу работи се кажани, меѓутоа, бидејќи тече време мора некои работи да се повторат затоа што се заборавааат. Расправата се води, прво како да царинската тарифа ќе ја донесе Владата.

Тоа е едно. Расправата се води како да со царинската тарифа не е можно да се предвиди стапка нула. Овде е целта однапред оваа држава и тие заинтересирани лица оти и јас сум граѓанин како што некој рече сите граѓани не гледаат навистина сакам и мене да ме гледаат дека овде интересите на граѓаните не се сосема изедначени, јас барем така ценам. Ќе има разни граѓани. Според тоа, молам да се има предвид дека од оваа расправа можете да претпоставувате како ќе тече процесот на усогласувањето при донесувањето на тарифата. Замислете, ве молам, па овде губиме односно не губиме туку посветуваме време на еден производ. Царинската тарифа е предмет на уредување на заштитата на царинската тарифа, ќе бидат десетина илјади производи каде интересите на граѓаните ќе бидат на многу контрадикторен начин ќе дојдат до израз. Според тоа, не може за овие за кои сме најмногу заинтересирани да обезбедиме при донесување на тарифа, да обезбедиме , па што сака нека биде ние успеавме за нас колите да ги донесеме без царина. Ќе има и други работи, па тогаш ќе ги рамниме сите интереси, па и за овој вид производ.

Молам, да се има предвид дека еве велите сакаме брзо закон за царинска тарифа. Ако вака системскиот закон кој , повторувам никого уште не обврзува да има толку и толку царина, ни еден производ. Како кај нас ќе тече постапката на усогласување на царинската тарифа. Можам да ве информирам дека Владата има преземено активности во усогласување на царинската тарифа како работен материјал, консултации со стопанственици, само што не смее да влезе во законска постапка додека не се објави овој закон во Службен весник на Република Македонија. Ние уште сега знаеме какви расправи се водат околу

царинската тарифа затоа што ве молам Македонија прв пат во историјата ќе заштити еден свој економски простор. Никогаш немала заштита на овој простор со царина. Мислам дека дискусијата на пратеникот од Струмица беше многу конструктивна да не можеме сега веднаш да раправаме за царинската тарифа, дајте тоа што побрзо да дојде затоа што од оваа расправа се најавува дека тешко ќе дојдеме поради наша вина до законот за царинска тарифа ако уште сега вака почнеме, кога уште ништо не е спорно сега.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, сакам да искажам неколку аспекти и причини зошто го поддржувам амандманот поднесен на членот 2 8 став 1 да се додаде нова точка 17 каде граѓаните ќе се ослободат од плаќаше на царина на нови патнички - товарни возила.

Првиот аспект е затоа што сеуште и припаѓам на една партија ВМРО-ДПМНЕ која во предизборието им вети на своите гласачи дека што се однесува за увозот на патнички - товарни возила граѓаните, ако таа дојде на власт, ќе ги ослободи од плаќање царина поради заштита на тогашното југословенско производство, односно српско производство од Застава. Тоа е едниот аспект.

Вториот аспект е , овде се напомна дека оваа проблематика која се третира во Законот за царинските тарифи, јас не би се согласил затоа што во членот 28 точно се определуваат условите односно стоките што треба да бидат ослободени од плаќање царина, што значи како системски закон соодветно му е местото на амандманот што е предложен од пратеникот г-дин Тодор Петров.

Третиот аспект тоа е аспектот на екологијата. Зошто екологијата? Затоа што ние сме свесни дека во РМ имаме еден презастарен, дури и надминат, по својот век на траење, возен парк. Ние знаеме дека оваа зима во Скопје имаше таква еколошка катастрофа со смог, причините беа кажани дека имаше несоодветен увоз на гориво меѓутоа, една од главните причини е токму застареноста на возилата. Јас тука ќе напоменам дека без разлика мерцедеси можат да купат некаде 2,3,5% од граѓаните, меѓутоа, јас го гледам аспектот да купат оние 60 до 70% од граѓаните кои можат даприберат некоја марка да купат евтини малолитражни патнички возила за кои нема да платат царина, се разбира нови, од Република Кореја или од Царството Јапонија.

Во тоа господа пратеници мислам дека е залагањето на г-дин Тодор Петров , токму од социјален аспект, затоа што тие малолитражни јапонски односно корејски возила се евтини на пазарот.

Ако бидат ослободени верувам дека многу граѓани кои сакаат да дојдат до ново возило, а не се во можност ако плаќаат царина односно толкави високи царини, ќе можат на некој начин да си набават такви возила и од аспект на екологијата оваа животна средина наша мала во РМ да се поправи и од тој аспект. Давам целосна поддршка на амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од половина час. Инаку не можеме да завршиме ќе работиме до 16,30 часот.

(седницата прекина со работа во 14,55 часот)

XIII/1 ЈМ/лј

(По паузата)

Седницата продолжи во 15,20 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Во врска со амандманот на господинот Петров сакам да укажам на неколку моменти. Првиот момент е фискалниот момент на прибирањето на царините. Мислам дека придонесувањето и при одлучувањето за овој амандман мора да се има во вид фискалниот момент на с^вој амандман бидејќи со овој амандман фискалниот момент е ставен на нула во делот од увозот на патничките и товарните возила од увоз. Бидејќи царината е втор извор по големина во Републичкиот буџет, сметам дека при одлучувањето и тоа треба да се има во предвид. Инаку, според мене ова прашање треба да се решава со царинската тарифа каде што му е и правото место. Мислам дека доволно е што овој амандман побуди доста расправа и расправата од пратениците доаѓаше од различни побуди и од различни,интереси. Стручно гледано овој амандман би требало и мора да се гледа во законот за царинската тарифа најдобро би било кога предлагачот на овој амандман биде задоволен од така да речам од досегашната расправа која што го побуди овој амандман во македонскиот парламент. Сметам дека при донесувањето на царинската тарифа треба да има целосен правилен третман при одмерувањето на висината на царината при увозот на патничките и на товарните моторни возила. Тоа беше моето видување на овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас само накратко. Законот навистина е многу. Важен и ќе биде многу важно што ќе направиме и со законот за царинската тарифа

XIII/2.-

бидејќи таа не е само техничко средство за реализација на овој Закон што денеска треба да го усвои Парламентот. Меѓутоа, и од овој амандман и од оние исклучоци кои што се повеќе отколку што мислам во законот, но сега тоа не е предмет на расправа. Ќе има повторно расправа кога ќе дојде законот за царинската тарифа. Мислам дека треба да се воздржуваме од воведувања на голем број исклучоци во законот. Таа материја треба навистина да се претресе со законот за царинската тарифа бидејќи неколку принципи се фундаментални за еден глобален поглед на водењето на економската политика во државата

Прв принцип кај оваа работа е дека се што се увезува треба да биде оцаринето. Тоа е многу важно, се разбира исклучоци може да има, меѓутоа тој принцип треба да се држи. Ако се претера со исклучоците, тогаш можат да настанат други проблеми кои што се одразуваат врз вкупната економија.

Втор принцип што е важен што јас не знам дали ќе го задржиме и дали Владата ќе застане на воведување на таков принцип на спроведување. Овој закон не се држи стриктно до тоа, има доста исклучоци кои што с?е превземени и од поранешниот закон. Тој втор принцип е униформирана линеарна царина врз сите видови увезена стока. Зошто е тоа важно јас сега ќе кажам нешто во врска со тоа. Затоа што на страна од оправдани исклучоци не би требало да постои диференцираност меѓу царинските тарифи во однос на различните производи. Царинската тарифа многу е важно да биде стриктно униформирана независно од тоа дали увезуваме во принцип кафе, или увезуваме на пример компјутери од едноставна причина што царините, царинската тарифа општата и поединечната и даноците се главни елементи на страна на приходот на буџетите. Меѓутоа, се и главни елементи кои што низ административниот систем влијае врз дисторзијата на цените врз нарушувањето на релативните односи на цените .- Значи треба да имаме и осмислсена ценовна политика и овие

елементи кога зборуваме за царините, тоа го зборуваме за даноците треба да го поврземе и со една проекција за ценовна политика во оваа држава. Затоа е важно да влијаеме сега да се задржиме што е можно на помалку исклучоци во овој закон, а потоа со царинската тарифа пак треба да се отвори прашањето дали линеарна царина со измените за даноците дали линеарни даноци и слично на тоа за да можеме да заокружиме еден рационален стопански систем кој што ќе биде во функција на права пазарна економија, економија во која што административните дејства нема да ги нарушуваат ценовните односи на груб начин, а од тоа сите последици кои што постојат во врска со тоа. Затоа сум на една воздржаност во врска со предлагањето на исклучоци во врска со овој закон.

Инаку, да кажам уште нешто. Беше спомнат социјално класниот, или само социјалниот елемент. Да се задржиме на социјалниот елемент. Ништо не треба да биде вградено како социјална политика на страната на приходите, на страната на даноците како обврска, но на страната на плаќањето од буџетот и да се знае за што се плаќа како социјално олеснување тоа треба да се знае и да го знаат сите граѓани и јавно. Во тој случај помалку проблеми ќе имаме и ќе знаеме да водиме појасна политика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (22)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 8 став 1 за додавање на точка 17 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 1 точка 1 поднесен од пратениците" Џелил Таири, Хамид Алиу и Ферид Садику.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

XIII/4.-

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман. На Комисијата за буџет се расправаше. Овие граѓани не плаќаат царина на предметите што ги увезуваат од бившите југословенски републики.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. (13 пратеници гласаа за амандманот).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29 став 1 точка 1 поднесен од пратениците Џелил Таири, Хамид Алиу и Ферид Садику.

Отворам претрес по амандманот на член 2 9 став 1 за додавање нова точка по точката 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман. Образложенијата се слични како за претходните.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас незнам со какво образложение Владата го одби го амандманот бидејќи не ни кажа на оваа седница, а немавме можност ниту во писмена форма да го добиеме, а и со претходните амандмани нема баш кој знае каква барем за мене врска за да се повикуваме на претходното образложение. Ние имавме добиено еден амандман од пратеникот Петар Темелковски со кој се барате во членот 29 да се додаде нова

точка 15 после точка 14 со која ќе се обезбеди ослободување од плаќање на царина за основни средства, опрема, пред се машини за производство на делови, полупроизводи, финални производи кои не се произведуваат во Република Македонија. И во Комисијата за буџет и финансирање при расправата по овој амандман дел од членовите укажаа дека амандманот е прешироко формулиран, односно не е наведено за која категорија на граѓани ќе се однесува. И од тие причини предложив подецидно утврдување на ова право со додавање на нова точка после точката 2 од став 1 од членот 29 според која од ослободување плаќање царина ќе бидат опфатени претприемачите на готови производи, делови, репродукционен материјал суровини, основни средства и опрема што не се произведуваат во Република Македонија, а кои се увезуваат исклучително за вршење на регистрираната дејност на овие лица. Со ова во процесот на преструктуирањето на стопанството и стимулирањата на сопственичката структура во поглед на приватизацијата што се одвива во Република Македонија би се овозможило лицата кои што вршат дејност со личен труд и средства во сопственост на граѓаните дефинирани под категоријата претприемачи, категорија која што се подразбира од содржината на текстот на Законот би им се овозможило при вршењето на дејноста на сите< претприемачи, односно лицата кои што дејноста ја вршат со личен труд и средства во сопственост на граѓаните да им се 0В03|40жи готовите производи, деловите и репродукциониот материјал, суровините и основните средства и опремата што не се произведуваат во Републиката, а кои се увезуваат исклучително за вршење на дејноста да можат да ги увезуваат со ослободување од обврската за плаќање на царина. На тој начин сметам дека стимулативно ќе се влијае врз новото сопственичко преструктуирање на стопанството во Република Македонија со ослободувањето од плаќање царина за  овие лица ќе се овозможи и

економскиот и технолошкиот вишок во постоечките претпријатија во општествена сопственост што се трансформираат како акционерски друштва да можат својата егзистенција да ја обезбедат макар и со оние ограничени финансиски средства со увоз на опрема, делови и репродукционен материјал, суровини од странство, а притоа истите им служат исклучиво за вршење на нивната дејност. Од тие причини и се предлага амандманот со оваа нова точка после точката 2 во ставот 1 на членот 29.

**ЏЕВДЕТ ХАРЕДИНИ:**

Кога реков дека важат истите образложенија како за претходните, мислев на онаа општата констатација што се сака со овој закон, а што се сака со овие амандмани. Меѓутоа во членот 29 јас кажав дека од член 25 до член 32 се ослободувања кои не смеат со тарифата воопшто да се предвидат. Ве молам, сега се предлага во тој член 29, а ова и како текст и како категорија претприемачи кога ние во Уставот и во нашите определби се сите субјекти што ќе се бават со стопанска дејност треба да бидат рамноправни. Само оваа категорија луѓе што ќе се бават со некоја дејност, а со дејност ќе се бават сите, од сите видови сопственост, нема да се претворат сите во претприемачи, туку претпријатија регистрираат итн. да гласи дека во овој закон, а треба да се има предвид како што беше и објаснето од претседателот на Собранието инаку познавач на оваа материја дека овој закон ќе оди и пред меѓународни органи итн., ќе биде анализиран и вели член 29: од плаќање царина се ослободуваат, па би гласело освен таму што е наведено претприемачите само на готови производи, делови, репродукционен материјал, суровини, основни средства и опрема што не се произведуваат во Република Македонија.

Овие каско предмети ќе имаат третман во тарифата, а не сега одеднаш вадиме еден субјект и го тргаме од другите субјекти што се бават со стопанска дејност. Однапред никогаш не може да се каже затоа што сега се наоѓаме во фаза на преструктуирање. Не е овој закон интервентен, ниту исклучува оваа политика за овие предмети да биде во тарифата бенефицирано третирано. Единствено ова не се вклопува ни самиот концепт на членот на законот, член 29 кој има сосема други функции итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Категоријата претприемачи не е измислица на овој амандман, тоа е дел од текстот што го предложило Министерството во член 28 став 1 точка 6 во која што строго наведува дека лица кои немаат својства на правно лице, а вршат дејност со самостоен личен труд и средства во сопственост на граѓаните се третираат во понатамошниот текст како претприемачи. Така што е и во амандманот предложено не е спорно со целината на текстот на предлогот на законот. Меѓутоа, зошто е предложен? Ние не мора секогаш да ги гледаме дирекните фискални ефекти од тоа дали ќе воведеме,или нема да воведеме и со каква висина царински стапки за одделни производи. Ние токму од причина што имаме преструктуирање на стопанството, имаме огромен број на лица кои ќе се најдат и се наоѓаат надвор од тој трансформиран општествен капитал како лица невработени, а ќе потпаднат на нечиј товар на социјалната грижа на оваа држава што треба да ја води, ако имаат одделни ограничени средства лицата како економски и технолошки вишок од трансформираните претпријатија со општествен капитал ќе можат врз

основа на царинските ослободувања макар и со ограничени средства да увезуваат исклучително за вршење на дејноста производи, делови, репродукционен материјал, суровини, средства и опрема кои не се произведуваат во Република Македонија, а за да може да обезбедат основна егзистенција.

XIV/1,. СС/ЉР

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (продолжение)

Тоа лице, ако може да увезе таква опрема и сака да врши таква дејност со средства кои не се произведуваат во Републикава, ние го оттргнуваме од товар на сметка на државата, да биде на буџетот,. да претставува социјална компонента во вкупната политика што треба да ја води и Парламентот и Владата. Автоматски, мене ми се чини дека на еден начин и стопанството е заштитено со формулацијата на амандманот, затоа што се однесува само за готови производи, репродукционен материјал, суровини, основни средства и опрема што не се произведуваат во Република Македонија. Ниту делуваме за нарушување на претходно воспоставена заштита за некои дејности и гранки за производство на производи во Републиката, а овозможуваме тоа што не се произведува, а сакаме да го прошириме спектарот на што поголем број занимања и дејности со средства и опрема што не се произведува во Републиката, да им овозможиме на тие граѓани кои вршат дејност и саката да вршат дејност со личен труд и средства во сопственост на граѓаните, со она што го имаат , можеби, како девиза а го чуваат дома заради стравот од банките, да го пласираат соодветно и обезбедат со своја егзистенција.

Затоа сметам дека амандманот е добро формулиран и би бил прифатлив за овој Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (21)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот На член 29 став 1 за додавање нова точка по точка 2, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

XIV/2.-

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 1 точка 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се изјасни.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа предложениот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (12)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29, став 1, точка 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 1, за додавање нова точка 6-а поднесена од пратеникот Горан Зафировски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ :**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, уште еднаш повторувам што значи царина. Царина и давачки. Царинската давачка заштитува или некој стопанственик или граѓаните.

Во овој случај јас не гледам кого заштитува оваа царинска давачка за увоз на автомобили. Ако системско решение имаме да не се плаќа царина за патнички автомобили, тогаш би можело, на пример, да се плаќа една царинска такса од 100-150 марки, како што тоа беше случај во Бугарија или во Албанија. Исто така, би можело да се стави некој данок на увезени автомобили, со што би се задоволила фискалната политика на државата.

Затоа, би замолил за поддршка на овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (28)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29, став 1 за додавање нова точка 6-а поднесен од пратеникот Горан Зафировски.

Отворам претрес по амандманот на член 29, став 1 точка 9 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман предложен од пратеникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

XIV/4.-

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Според предложениот текст на Предлогот на законот за царини, во членот 29, точка 9 се предвидува претпријатието и претприемачите да бидат ослободени од плаќање царина на опремата што ја увезуваат заради замена на опрема што е уништена од пожар, експозиција, елементарни непогоди, војна, вооружени судири или сообраќајна несреќа. Меѓутоа, ако се исполнети условите по 3 точки и тоа: вредноста на уништената опрема да е поголема од 15% од вкупната неамортизирана вредност на опремата; опремата што се увезува да не се произведува во Македонија; и да е остварен надомест на штета по основ на осигурување за наведената опрема, освен ако организацијата за осигурување не врши осигурување за определен ризик на осигурувањето.

Со предложениот амандман се предлага подточката а) да се избрише, што значи вредноста на уништената опрема во пожар, експлозија, елементарни непогоди, војна, вооружени судири или сообраќајна несреќа да не биде условена со поголема вредност со 15% од вкупната неамортизирана вредност на опремата.

Од тие причини се предлага подточката а) во точката 9 да се брише.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15)

Констатирам дека Собранието не,го усвои амандманот на член 29 став 1 точка 9 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

XIV/5.-

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 1 за додавање нова точка 9-а поднесен од пратеникот Душан Николовски. Молам, кој бара збор.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Можеби ќе настане збрка. Јас имам уверување дека Владата го прифаќа ова. Можеби е проблем каде да се помести овој амандман, дали да биде во точката 28 или точката 29.

Во суштина, се работи за доработка на основните односно вишок на оловните концентрати и бакарните концентрати, а во подоцнежна фаза и среброто и златото. Тоа е суштината на амандманот.

Основните аргументи за правдање да има место во законската регулатива како основа, ќе искористам додатно образложение.

Во стариот систем, така како што беше конципиран развојниот програм на обоената металургија во Југославија, имаше практично топилница за преработка на оловни концентрати во Трепча, а на цинк 0-оловните концентрати во Македонија. Вишокот на концентрати се преработуваат надвор што е случај сега со бакарните концентрати во Бор и оловните концентрати во Бугарија и Трепча.

Имајќи предвид дека металуршките капацитети, како нови сознанија не само како инвестициони објекти, туку само како технологија, во принцип е во еден; развоен период од 20-30 години. Претпоставувам дека ова, ако нема законски основ и ако не се содржи во законот, тоа значи наредните 20 до 30 години практично и во тарифниот правилник кога ќе се донесе, ова ќе биде финализирано.

Четврта работа, на секоја доработка, производот што го носиме на доработка, тоа ќе се јави случај и со бакарот сега од Србија кога ќе се постави граничната линија односно царинска линија, ние ќе дојдеме во ситуација бакарот што ќе го продаваме во сопствената држава, како и

XIV/6.-

оловото да мора да има повисока цена токму поради трошоците на преработката. А, од друга страна, таа цена на чинењето мора да се вгради во акумулатори, а цената на акумулаторите на домашниот пазар мора да биде повисока.

Сите, сега економските параметри не сакам да ги елаборирам, меѓутоа, токму е место да биде ова прашање во законската основа а не во тарифниот дел. Тоа беше предмет и порано, меѓутоа, тогаш Македонија беше објективно во југословенски рамки поинаку поставено а сега сме самостојни и независни, мислам дека треба да биде предмет во закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Кој е за, молам да(крене рака? (31)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29, став 1 за .додавање нова точка 9-а поднесен од пратеникот Душан Николовски.

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 1 за додавање нова точка 9-а поднесен од пратеникот Душан Николовски.

Тоа е исто. Тоа се алтернативи.

Дали го повлекувате ова второто? (Да)

Пратеникот го повлекува ова.

Господин Николовски бара збор.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Имајќи предвид дека се работи за три алтернативи, предлагам, бидејќи првата се усвои, втората е доста лична но за третата мислам дека нема одговор, ниту аргумент да не се прифати, затоа што е

флексибилна таа алтернатива и би кажал дека третата алтернатива е поддржана и од Комисијата за буџет и финансии и од подминистрите. Сега останува Владата, односно министерот да се изјасни овде.

Ако треба додатни аргументи за третата алтернатива, јас ќе ги изнесам.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

По расправата на Комисијата и дополнителните консултации, Владата ја прифаќа оваа алтернатива.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, немаме расправа.

Отворам претрес по амандманот на член 29, став 1, точка 13, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа предложениот амандман. «

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Колку ме држи сеќавањето, министерот амандманот VI на Комисијата за буџет и финансирање го прифати. Тоа е во членот 29, став 1,точка 13, се додава воспоставување телекомуникациона врска и тој амандман е прифатен. Само,ако е некое недоразбирање, тогаш молам министерот....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сигурно е недоразбирање. Само да прашам.

Дали го прифативте амандманот?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Измената беше во редоследот на уфрлувањето на зборовите. Меѓутоа, министерот може тоа да го образложи.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Опремата за телекомуникациони врски, во точката 13, точно е тоа дека прифативме, со тоа што редоследот на зборовите не е како што е предложено, туку како што е заклучено на Комисијата прифатено. Во, точката 13, по зборот "служби", се додаваат зборовите "за телекомуникациони врски, како и", и текстот продолжува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тој дел каде што ја читав судбината на тоа што го дала Комисијата, реков дека е прифатено. Затоа овој амандман сега го повлекува Петров во тој случај, ако е задоволен од тоа што било на Комисијата.

Дали е така? (Така)

Го повлекува амандманот и нема расправа.

Тоа јас го регистрирав на време кога реков што е предложено од комисиите и што таму прифатил министерот.

Отворам претрес по амандманот на член 29 за додавање нова точка 15 поднесен од пратеникот Петар Темелковски. Молам, кој бара збор?

**ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, со амандманот се предлага ослободување за плаќање на царина на основни средства, опрема, машини за производство на делови, полупроизводи и финални производи што

што не се произведуваат во Македонија.

Основна идеја на овој амандман произлегува од макро-економската политика за 1992 година во која беше констатирано пад на производството, неинвестирање во производството, голема невработеност, цирка 200 илјади што и во 1993 година сигурно е во многу поостра форма, со голем број технолошки вишок, стечајни работници, како и пораст на бројот на пензионерите, исто така 200 илјади.

Од друга страна, имајќи предвид дека се отвораат голем број нови фирми, посебно во областа на трговијата и угостителството и истовремено создавање на прв почетен капитал во овие дејности, со порастот на конкуренцијата сметам дека ќе се намали профитната стапка во овие дејности. Со тоа ќе се овозможи капиталот од овие дејности да се пресели, насочи и инвестира во производството.

Можеби државата, царините од оваа точка ќе ги изгуби, но ќе ги добие како данок на добивка, како данок од личен доход, како придонеси за општествените дејности, како стимул за инвестирање и селење на работната сила кон производството, за нови вработувања, како и штедење на граѓаните во сопствени основни средства во сопствено производство како најсигурен пат да ги сочува своите заштеди, да оствари профит и ја реши својата егзистенција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (30)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29 за додавање нова точка 15 поднесен од пратеникот Петар Темелковски.

XIV/10.-

Отворам претрес по амандманот на член 49 за додавање нов став 2, по став 1, поднесен од пратеничката група на ПДП-НДП.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа предложениот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници ако претходно не го усвоивме амандманот на господинот Тодор Петров, јас мислам дека овој амандман може да се прифати бидејќи на поинаков начин се обидува да ја регулира проблематиката на царините за одредени производи.

Мислам дека е направена една грешка, граматички треба да се исправи, јас го прифаќам тоа што е кажано на Комисијата, да се стави зборот "исклучок", наместо зборот "изнимно".

Во членот 49, после ставот 1 да се додаде нов став 2 кој гласи дека по исклучок на одредбите на став 1 од овој член, сопствениците односно корисниците на превозни средства и патнички автомобили плаќаат царина на увезените превозни средства и патнички автомобили за кои во царинската тарифа е предвидена царинска ставка - слободно, во висина од 2%.

Кога го кажувам ова мислам дека треба да имаме предвид дека ова не ја исклучува можноста за плаќање данок на промет за производи и услуги што се регулира со посебниот закон за плаќање на данок на промет на производи и услуги.

XIV/11.-

Мислам дека овој наш амандман е издржлив и од многу причини Овде се предлага за нови возила да се врши ослободување од причина што нашиот возен парк, познато ни е во каква состојба е. Заради тоа, а да не зборувам за безбедноста на сообраќајот, познати се бројките колку голем број жртви земаат сообраќајните несреќи, многу често поради неисправноста на возилата. Ние, во нашава Република немаме индустрија за патнички возила која може да обезбеди нови возила да можат да се набават од тука. Затоа мислам, дека заради безбедносни и други причини, да не зборувам за аерозагаденоста, мислам дека треба да се прифати предложениот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овој амандман е за царинска тарифа. Се утврдува царина, се утврдува стапка.

Добро, дали уште некој бара збор.

Има збор господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Ако е овој амандман во законот за царински тарифи тогаш да расчистиме дали воопшто ќе гласаме. Друго, мене ме интересира ставот на Законодавно правната комисија околу ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? За гласаа 40 пратеници.

Има збор господин Таири.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Бидејќи се сомневам во броењето на гласовите барам поединечно гласање и барам поддршка од 10 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има 10 кој што бараат? Има.

Молам, нека секретарот пристапи да се изврши гласањето.

XV/2.-

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

1. ФАИК АБДИ -воздржан
2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА - за
3. ЕШТРЕФ АЛИУ - за
4. ХАМИД АЛИУ - за
5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ - за
6. СТОЈАН АНДОВ - против
7. ТИМЕ АНДОНОВ - против
8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ - не е тука
9. НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ - за
10. ЛАМЕ АРНАУДОВ - не е тука
11. ДРАГИ АРСОВ - за
12. БРАНКО АРСОВСКИ - против
13. ДУШКО АРСОВСКИ - против
14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ - против
15. ЈОРДАН БОШКОВ - за
16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ - за
17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ - не е тука
18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ - против
19. ПЕТАР ГОШЕВ - против
20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ - за
21. САНДЕ ДАВЧЕВ - воздржан
22. РАТКА ДИМИТРОВА - не е тука
23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ - против
24. ТОДОР ДИМОВ - против
25. ДОСТА ДИМОВСКА - за
26. БОРКО ГОРЧЕВСКИ - за
27. ДУШКО ГОРГЕСКИ - не е тука
28. ПЕТАР ГЕОРГИЕВ - против

XV/3.-

29. ЗУДИ ЕМИНИ - за
30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ - не е тука
31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ - за
32. НАСЕР ЗИБЕРИ - воздржан
33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ - против
34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ - воздржан
35. БОРИС ЗМ.ЕЈКОВСКИ - за
36. ИВАН ИВАНОВ - не е тука
37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ - не е тука
38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ - не е тука
39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ - не е тука
40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ -за
41. РИСТО ЈОВАНОВ - против
42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ - за
43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ - не е тука
44. ТАШКО КИРОВ - за
45. ЗОРАН КИТЕВ - не е тука
46. КИРИЛ .КОВАЧЕВСКИ - не е тука
47. СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ - против
48. ГОРГИ КОТЕВСКИ - за
49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ - воздржан
50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ - за
51. БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА - не е тука
52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ - воздржан
53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ - воздржан
54. ЕФТИМ МАНЕВ - воздржан
55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ - против
56. ЏУЛИСТАНА МАРКОВСКА - не е тука
57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ - не е тука -

XV/4.-

58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ - против
59. СТРАШО МИЛКОВСКИ - против
60. ПАНЧО МИНОВ - против
61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ - за
62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ - не е тука
63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ - против
64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ - воздржан
65. АВДИ МУРТЕЗАНИ - за
66. НАИФ МУСТАФА - за
67. ПАНЧЕ НАСЕВ - воздржан
68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ - воздржан
69. СИМОН НАУМОВСКИ - воздржан
70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ - за
71. ЈОВАН НИКОЛОВ _ против
72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ - против
73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ - не е тука
74. ТОДОСИЈЕ ПАУНОВ - против
75. ТИТО ПЕТКОВСКИ -против
76. ТОДОР ПЕТРОВ - воздржан
77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ - не е тука
78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ - не е тука
79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ - не е тука
80. КИРО ПОПОВСКИ - воздржан
81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ - против
82. НИКОЛА ПОПОВСКИ - против
83. ШАБАН ПРЕВАЛА - за
84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ - не е тука
85. ИСМЕТ РАМАДАНИ - за

XV/5.-

86. ИВАН РАМБАБОВ - против
87. ШУКРИ РАХИМИ - за
88. ФЕРИД САДИКУ - не е тука
89. НЕИМ СЕЛМАНИ - за
90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ - против
91. АЛЕКСАНДАР СПИРОВСКИ - не е тука
92. РИСТО СТАМЕНОВ - не е тука
93. РИСТО СТАНКОВСКИ - не е тука
94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ - за
95. СЛАВЈНКА СТОЈАНОВА _ не е тука
96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ - против
97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ - против
98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ - не е тука
99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ - не е тука
100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ - не е тука
101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ - за
102. ГОЦЕ,ТЕМЕЛКОВСКИ - за
103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ - за
104. БЛАГОЈ ТОШЕВ - за
105.ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ - не е тука
106.ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ - за
107. ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ - против
108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ- за
109. АГИМ ФАЗЛИУ - за
110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - за
111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ - за
112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ - не е тука
113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ - против

XV/6.-

114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ - за
115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ - против
116. НЊЏАТИ ЏАФЕРИ - за
117. АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ - не е тука
118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ - не е тука
119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ - против
120. ХИСНИ ШАКИРИ - не е тука

**СТОЈАН АНДОВ:**

39 пратеници гласаа за, 14 се воздржаа и 32 се против.

Вкупно 85.

Според тоа , констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 49 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеничката група на ПДП.

Знаете, имаме уште 19 амандмана не можеме да го завршиме законот. (реакција на пратениците во салата). Можеме ли да го завршиме за 15 минути? Може. Ајде ве молам, рековме до 16,30 часот, имаме уште 15 минути, ве молам.

**ЏЕВДТ ХАЈРЕДИНИ:**

Има повеќе амандмани што престојат кој се прифатени, кој се од редакциска природа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има прифатени амандмани, ве молам.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Нема никакви услови за 15 минути да се усвои законот. И усвоивме принцип денеска да се работи до 15 часот.

XV/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ја прекинувам работата на седницата. Ќе продолжиме во четврток во 10,00 часот.

На пратениците од исламска вероисповест им го честитам нивниот празник Бајрам. Исто така и на сите граѓани од исламска веороисповест.

(Седницата прекина со работа во 16,20 часот).